# ЗАКОН ЗА РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ [1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

### (Содржина на Законот)

Со овој закон се уредува управувањето, стопанисувањето и аквакултурата на рибите, нивната заштита и ставање во промет, производството на порибителен материјал и порибувањето на водите во Република Македонија, установите, здружувањето и финансирањето, како и други прашања од значење во областа на рибарството и аквакултурата.

### Член 2

### (Поими)

Во смисла на овој закон одделни поими го имаат следново значење:
1. **Автохтони (домородни) видови риби** се видови риби кои природно и примарно живеат во одредена риболовна вода;
2. **Аквакултура** е одгледување, репродукција и исхрана на риби во рибници, полурибници, кафези, оризишта и други одгледувалишта;
3. **Алохтони (недомородни) видови риби** се оние видови риби кои природно и примарно не живеат во одредена риболовна вода;
3-а. **Брег** е природно формирана граница меѓу риболовната вода и копното;
4. **Вештачки езера** се сите стоечки водни базени направени од човекот, акумулациони езера и езера настанати како резултат на искористување на минерални суровини;
5. **Вештачко мрестилиште** е рибник или дел од рибник каде што се обезбедени специфични хидрографски услови со кои се овозможува размножување на одделни видови риби;
6. **Годишен извештај** е документ кој задолжително го изработува концесионерот (корисникот на риболовното право) секоја година на крајот на риболовната сезона;
7. **Годишен план** е документ (акт) потребен за спроведување на риболовната основа во текот на календарската година;
8. **Далјан** е вештачка преграда на одреден водотек и служи исклучиво за лов на јагула;
9. **Дневен улов** е дозволениот улов на рибарот, односно риболовецот во текот на еден ден;
10. **Загрозени видови риби** се риби за кои е утврден тренд на драстично намалување на густините на нивните популации од овластена установа;
11. **Дозвола за рекреативен риболов** е исправа врз основа на која риболовците можат да вршат рекреативен риболов;
12. **Заштита на рибите** е збир на мерки кои се спроведуваат заради зачувување и одржување на условите за долгорочно и одржливо користење на

рибите;
13. **Излов** е начин на лов кој се применува во рибници или при селективен и мелиоративен риболов во риболовните води;
14. **Икра** е полов продукт кој се добива од матици од женски пол;
15. **Интродуцирани (внесени) видови риби** се оние видови риби кои се внесени во одредена риболовна вода во која природно и примарно не живееле;
16. **Информациски систем во рибарството** е компјутерски поддржан систем за собирање, обработка и приказ на податоците, како и на информациите во врска со вршењето на сите активности кои ги уредува овој закон;
17. **Ихтиомаса** е вкупната количина на риба во одредена риболовна вода во одреден момент;
18. **Јувенилни риби** се сите облици на развојни фази на рибите кога се уште немаат достигнато полова зрелост;
19. **Кафез** е рибник или дел од рибник (платформа за аквакултура), во кој рибите се чуваат во ограден простор со мрежа, поставен во риболовна вода;
20. **Конзервација** е акт на конзервирање, заштита од наштетување или загуби во биолошката разновидност во природните ресурси;
21. **Ларва** е фаза на развиток на рипчето од неговото излупување од икра до ресорпција на вителусната (жолточната) кесичка;
22. **Легитимација за стопански риболов** е исправа врз основа на која рибарите можат да вршат стопански риболов;
23. **Личинка** е прва фаза на развој на подмладокот, мало рипче непосредно по конзумирањето на вителусната кесичка;
24. **Ловостој** е временски период во кој е забрането ловење и ставање во промет на одредени видови риби, освен рибите произведени од аквакултура;
25. **Мамец** е сето она со што се мами и лови риба, а е во рамките на дозволените риболовни средства и опрема за вршење на рекреативен и спортски риболов;
26. **Матица** е полово зрела риба без оглед на полот;
27. **Матичен материјал** се селектирани полово зрели матици од кои се добива икра и млеч;
28. **Мелиоративен риболов** е риболов кој се изведува со цел за драстично намалување на популацијата на одреден вид риба;
29. **Млеч** е полов продукт кој се добива од матици од машки пол;
30. **Одржливо рибарство** е стопанисување и експлоатација на рибите преку риболов со спроведување на соодветни интервенции, особено во репродукцијата и спроведувањето на соодветни мерки за зголемување на густините и интензификација на производството. Подразбира планирано внесување (порибување) на риби во риболовните води;
31. **Оплодена икра** е икра која е добиена по мешање на половите продукти од машките (млеч) и женските (икра) матици;
32. **Подмладок** се јувенилни риби, односно полово несозреани риби;
33. **Полурибник** е ограничен, затворен воден простор на земјоделско или друго земјиште, микроакумулација или вештачко езеро добиено со ископување на руда, земја или песок, кој се користи за одгледување на риби (аквакултура) и риболов, а не може да се празни и да се полни со вода по желба;
34. **Порибителен материјал** е оплодена икра, ларви, личинки, подмладок и матици кои потекнуваат од регистриран репроцентар и од регистриран рибник за производство на порибителен материјал наменет за промет;
35. **Порибување** е планско внесување на одредени видови риби во риболовна вода со цел да се зачува оптималната структура и густините на рибите, а се врши врз основа на риболовна основа и годишен план;
36. **Природно плодиште** е дел од риболовна вода или друг воден простор кој има специфични хидрогравски карактеристики со кои се овозможува размножување на одделни видови риби;
37. **Оризиште** е оризова нива во која како секундарна гранка може да се одгледуваат риби;
38. **Рекреативен риболов** е лов на риба со дозволен риболовен прибор и опрема заради рекреација;
39. **Рекреативен риболовец** е лице кое лови риба со дозволен риболовен прибор и опрема и поседува легитимација и дозвола за рекреативен риболов;

40. **Рекреативна зона** е дел или цела риболовна вода од езеро или национален парк на која може да се врши рекреативен и спортски риболов;
41. **Репродуктивен материјал** се икра, млеч и јувенилни риби, добиени при мрест на матичен материјал наменети за натамошно одгледување или порибување;
42. **Рибар** е стопански риболовец вработен кај правното лице - концесионер на рибите за стопански риболов;
43. **Рибарски алат** се риболовни средства дозволени за вршење стопански риболов;
44. **Рибарски здруженија** се сите облици на здружување на коцесионерите на рибите за стопански риболов основани заради здружено настапување пред надлежните органи, организација на ловот и внесувањето на рибите во промет запишани во регистарот на концесионери;
45. **Регистар на концесионери** е евиденција на рибарски и риболовни здруженија на кои им е дадена концесија на рибите од риболовните подрачја, риболовните зони, риболовни ревири и рекреативни зони кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
46. **Рибник** е објект за аквакултура кој може по потреба да се празни и полни со вода, а во зависност од начинот на користење на водата рибниците можат да бидат рибници со затворен систем на одгледување и рибници со отворен систем на одгледување;
47. **Риболов** е стопанисување и експлоатација на рибите по пат на нивно ловење со дозволени риболовни средства, без да се прават интервенции во процесот на растењето и размножувањето на рибата;
48. **Риболовен прибор** се средства со кои се врши рекреативен и спортски риболов;
49. **Риболовен ревир** е дел или цела река со нејзините притоки на која може да се врши рекреативен и спортски риболов;
50. **Риболовна зона** е дел од риболовна вода на која може да се врши стопански риболов, а не е прогласена за риболовно подрачје;
51. **Риболовна опрема** е средство со кое се овозможува употреба на риболовен алат и прибор (чамец, пента);
52. **Риболовна основа** е стручна студија со која се определува начинот на стопанисување со рибите во одредена риболовна вода;
53. **Риболовно здружение** е облик на слободно здружување на граѓаните заради остварување и усогласување на своите интереси при вршење и организирање на риболов.
54. **Риболовни средства** се рибарски алат, риболовен прибор и риболовна опрема за вршење риболов;
55. **Риболовно подрачје** е риболовна вода или дел од риболовна вода на која има услови за изведување на стопански риболов, која е утврдена со овој закон, или која со одлука ја прогласува Владата на Република Македонија;
56. **Рибочувар** е службено лице кое е стручно оспособено (поседува уверение за положен рибочуварски испит) и овластено (поседува лиценца за обезбедување имот и лица) за вршење на заштита на рибите;
57. **Селективен риболов** е излов на строго дефинирана возрасна категорија од одреден вид риба, во одреден временски период;
58. **Спортски риболов** е организиран лов на риба со дозволена риболовна опрема и прибор во рамките на организирани натпревари од страна на риболовни здруженија и федерацијата;
59. **Спортски риболовец** е лице кое поседува спортска легитимација издадена од Македонската риболовна федерација и учествува на организирани натпревари за спортски риболов;
60. **Ставање риба во промет** е продавање и/или купување риба;
61. **Стопански риболов** е лов на риби со цел стекнување на економска добивка;
62. **Тотален ловостој** е временски период во кој е забрането ловење на сите видови риби од одредена риболовна вода;
63. **Улов** е вкупната уловена количина на риба при вршење на риболов и
64. **Чамец** е пловен објект изграден од различен материјал чија максимална должина е 15.

## Член 3

## (Цели)

Цели на Законот се:
- планирање и управување со рибите во риболовните води,
- овозможување на трајно користење на рибите преку одржлив развој за стопански и рекреативен и спортски риболов,
- развој на стопански риболов и аквакултура,
- зачувување и заштита на автохтони (домородни) и загрозени риби, нивната видова разновидност, старосната структура и бројност и
- планирање, поттикнување и надзор над производството на порибителен материјал.

## Член 4

## (Општо добро)

Рибите од риболовните води, како добро од општ интерес за Републиката се под посебна заштита.

## Член 5

## (Јавен интерес)

Работи од јавен интерес во областа на рибарството се:
- заштита на рибите во риболовните води,
- порибување на риболовни води и
- изградба на риболовни пунктови.

## Член 6

## (Дејност рибарство)

Рибарство, во смисла на овој закон, е дејност која опфаќа:
- стопанисување со рибите во риболовните води на начин со кој се обезбедува трајна репродукција и заштита и
- аквакултура.

## Член 7

## (Риби)

Риби, во смисла на овој закон, се риби, ракови, школки, жаби и други водни животни кои ги населуваат и живеат во риболовните води и се одгледуваат во рибници, полурибници, кафези, оризишта и во други одгледувалишта на риби (во натамошниот текст: риби).

## Член 8

## (Користење на води)

За рибарство може да се користат сите води во Република Македонија, во рамки и под услови утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, доколку со други закони поинаку не е уредено.

## Член 9

## (Риболовни води)

Риболов се врши на риболовните води во Република Македонија.

Риболовни води се сите води во Република Македонија со исклучок на:
- подземните води,
- водите во посебно заштитените делови прогласени врз основа на овој или друг закон,
- водите во рибници, полурибници, кафези, оризишта и други одгледувалишта и
- водите за кои постојат посебни акти за забрана.

## Член 10

## (Поделба)

Риболовните води се делат на риболовни подрачја, риболовни зони, риболовни ревири и рекреативни зони.

## Член 11

## (Риболовни подрачја)

Риболовни подрачја се:
- Охридското Езеро,

- Преспанското Езеро и
- Дојранското Езеро.

Покрај подрачјата од ставот 1 на овој член риболовни подрачја се и оние риболовни води кои со одлука ќе ги прогласи Владата на Република Македонија по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

### Член 12

### (Риболовна зона, риболовен ревир и рекреативна зона)

Риболовните зони, риболовните ревири  и рекреативните зони ги определува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на овластената установа од членот 74 на овој закон.

## II. УПРАВУВАЊЕ СО РИБИ

### Член 13

### (Управување со риби)

Со рибите од риболовните води управува Република Македонија.

Со рибите од рибниците, полурибниците, кафезите, оризиштата и другите одгледувалишта управуваат сопствениците на рибите.

### Член 14

### (Програма)

За остварување на целите од членот 3 на овој закон, Владата на Република Македонија донесува Програма за унапредување на рибарството и аквакултурата во Република Македонија за период од 12 години (во натамошниот текст: Програмата).

Програмата од ставот 1 на овој член особено содржи:
- оцена на состојбата,
- цели и насоки за заштита и трајно користење на риби,
- задачи и мерки за постигнување на целите на управувањето со риби,
- инвестиции во аквакултурата, 2
- оцена на очекуваните ефекти и потребните јавни финансиски средства за постигнување на целите,

- мерки за заштита на автохтоните и загрозените риби согласно со прописите за заштита на природата и
- носители на одделни задачи.

## Член 15

## (Годишна програма)

Врз основа на Програмата од членот 14 на овој закон, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владата на Република Македонија донесува годишна програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата (во натамошниот текст: годишна програма).

## Член 16

## (Риболовна основа)

За секоја риболовна вода на која се врши риболов се изработува риболовна основа.

Риболовната основа е стручна студија за начинот на стопанисување со рибите во одредена риболовна вода и се изработува за период од шест години.

Риболовната основа од ставот 2 на овој член ја донесува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на овластената установа од член 74 на овој закон.

Риболовната основа може да се ревидира доколку настанат одредени промени кои влијаат на рибите во риболовните води.

Риболовната основа особено содржи:
- податоци за риболовната вода,
- основни хидрографски, физичко-хемиски и биолошки карактеристики на риболовната вода,
- видови и количини на рибите - ихтиомаса,
- мерки за заштита и одржување на рибите,
- количини на дозволен лов по видови риби,
- време во кое е дозволен лов на рибите и најмалата големина на рибите под која не смеат да се ловат по видови,
- минимум и максимум риболовни средства,
- програма на порибување (време, количина и видови на риби),
- мерки за заштита на природните плодишта,
- економска основа за користење на рибите во риболовната вода со предлог за висина на надоместокот за стопански риболов и метод за пресметување на висината на надоместокот за издавање на дозволите за рекреативен риболов,

- организација на рибочуварска служба и
- определување на риболовни подрачја, риболовни зони и риболовни ревири и рекреативни зони, модел за стопанисување.

Нацртот на риболовната основа ги подготвува овластената установа од членот 74 на овој закон. Пред донесување на риболовната основа, овластената установа од членот 74 на овој закон ја запознава јавноста со содржината на нацртот на риболовната основа.

Содржината на риболовната основа поблиску ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Риболовната основа се објавува во "Службен весник на Република Македонија.

## Член 17

## (Годишен план)

Во согласност со секоја риболовна основа се изработува годишен план за заштита и стопанисување со рибите (во натамошниот текст: годишниот план).

Годишниот план со позитивно мислење добиено од овластената установа - изработувач на риболовната основа за определената риболовна вода корисникот на риболовното право (во натамошниот текст: концесионерот) го доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 15 ноември во тековната година за наредната календарската година.

Годишниот план особено содржи:
- прираст и количини на риба во риболовната вода по видови,
- дозволен годишен и дневен улов по видови,
- план на порибување по количини и видови и потребни средства за порибување,
- мерки и начини на заштита на риболовната вода и организација на рибочуварската служба и
- планирани парични средства и намена на истите.

Годишниот план го одобрува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Концесионерот барањето за мислење го доставува до овластената установа од ставот 2 на овој член најдоцна до 15 септември во тековната година за наредната календарска година.

Овластената установа од членот 74 на овој закон е должна да издаде мислење на концесионерот најдоцна во рок од 30 дена од денот на добивањето на барањето.

Доколку овластената установа од членот 74 на овој закон не го достави мислењето во предвидениот рок се смета дека годишниот план е потврден.

Содржината на годишниот план поблиску ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 18

## (Извештај)

Концесионерот изготвува годишен извештај за реализација на годишниот план (во натамошниот текст: годишен извештај) и го доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и овластената установа од членот 74 на овој закон најдоцна до 31 јануари наредната година за претходната година.

Содржината на годишниот извештај од ставот 1 на овој член поблиску ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 19

## (Совет)

Советот за рибарство и аквакултура (во натамошниот текст: Советот) е стручно советодавно тело на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во областа на стопанисувањето со рибите и аквакултура.

Советот дава предлози, совети и мислења во областа, и тоа за:
- риболовните основи,
- годишните планови и извешти,
- планираните мерки во програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата,
- развојни и други проекти,
- предлог-плановите за порибување,
- прописи кои се носат врз основа на овој закон,
- предлозите за долгорочни развојни програми,
- по предлози за воведување на неавтохтони видови риби и
- други стручни совети и мислења од областа на рибарството и аквакултурата.

## Член 20

## (Состав и начин на работа на Советот)

Советот е составен од седум члена, и тоа од:
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - два члена,
- Министерството за животна средина и просторно планирање - еден член,
- јавните научни и образовни установи - еден член,

- здруженија и асоцијации на вршители на стопански риболов и аквакултура - два члена и
- Македонската риболовна федерација - еден член.

Членовите на советот ги предлагаат установите и организациите од ставот 1 на овој член, а ги именува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение за период од четири години со можност за повторно именување.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја свикува конститутивната седница, на која именуваните членови избираат претседател и негов заменик од членовите на советот.

Советот усвојува деловник за работа, со кој се определува начинот на работа на советот.

Средствата за надоместок на работата на членовите на Советот се обезбедуваат од годишната програма од членот 15 на овој закон.

# III. СТОПАНИСУВАЊЕ СО РИБИ

## Член 21

## (Стопанисување)

Стопанисувањето со рибите претставува заштита и користење на рибите од риболовните води преку риболов и планско експлоатирање на одржлив начин.

## Член 22

## (Начин на стопанисување)

Со рибите од риболовните води се стопанисува согласно со одредбите на овој закон.

## Член 23

## (Риболов)

Риболовот може да биде:
1) стопански на риболовни подрачја и риболовни зони,
2) рекреативен и спортски на риболовни ревири и рекреативни зони,

3) мелиоративен и селективен на сите риболовни води,
4) за научно-истражувачи цели на сите риболовни води и
5) во подрачја прогласени за национални паркови.

# 1. СТОПАНСКИ РИБОЛОВ НА РИБОЛОВНИ ПОДРАЧЈА И РИБОЛОВНИ ЗОНИ

### Член 24

### (Стопански риболов)

Стопански риболов се врши на риболовни подрачја и риболовни зони под услови утврдени со овој закон.

Стопански риболов се врши и во објектот Далјан-Струга за лов на риба - јагула и тоа од регулациониот објект на ХЕЦ Глобочица кај Црквата "Света Петка" до место викано Дивљак-Струга.

### Член 25

### (Вршење на стопански риболов)

Стопански риболов на риболовни подрачја и риболовни зони можат да вршат правни лица регистрирани за дејност рибарство.

Стопански риболов се врши согласно со риболовната основа, одобрениот годишен план и склучениот договор за концесија за одделна риболовна вода.

За вршење стопански риболов се плаќа надоместок утврден во риболовната основа и истиот е приход на Буџетот на Република Македонија.

### Член 26

### (Концесија за стопански риболов на риболовни подрачја)

Рибите од риболовните подрачја за вршење стопански риболов се доделуваат на користење по пат на концесија на домашно и странско правно лица кое ги исполнува условите предвидени со овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Постапката за доделување на рибите на користење по пат на концесија се врши со Јавен повик и ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за доделување на рибите на концесија (во натамошниот текст: Комисијата).

Јавниот повик од ставот 2 на овој член особено содржи:
- предмет на концесијата (природа и елементи на концесијата и место и локација за кој се доделува концесијата),
- период за кој се доделува концесијата,
- рок за поднесување на пријави,
- адреса на која се доставуваат понудите,
- јазик на кој треба да биде напишани понудите,
- надоместок за тендерската документација,
- лични, технички и финансиски услови кои треба да ги исполнат кандидатите;
- критериуми според кои се врши изборот на најповолна понуда,
- минималниот износ на надоместок за концесија и
- име и адреса на надлежниот орган за одлучување по жалба и информации за крајни рокови за поднесување на жалби.

Јавниот повик од став 2 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија", во два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, во еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик како и на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Странските правни лица од ставот 1 на овој член имаат право да учествуваат на јавен повик доколку имаат регистрирано подружница во Република Македонија, согласно со Законот за трговските друштва.

Постапката за доделување на рибите на користење по пат на концесија треба да започне шест месеци пред истекот на тековната концесија

## Член 26-а

Минималниот концесиски надоместок кој е основа за доставување на понуди по јавниот повик е утврден во риболовните основи.

Концесискиот надоместок за користење на рибите за вршење стопански риболов се плаќа на шест еднакви годишни рати на сметка на Буџетот на Република Македонија.

Годишниот концесисики надоместок се плаќа најдоцна до 31 декември за тековната година.

Во постапката за доделување на рибите на користење за вршење стопански риболов по пат на концесија, Комисијата врши целосна евалуација на способноста на понудувачите и на првичните доставени понуди.

Способноста на понудувачите од ставот 4 на овој член се докажува со следниве документи:
- изјава со која потврдува дека правното лице или член на негов орган на управување или надзорен орган не се осудени со правосилна судска пресуда за следниве кривични дела: корупција, измама и перење пари,
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган,
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган,

- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган,
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.
- потврда за регистрирана дејност - рибарство (ПРД) издаден од Централен регистар на Република Македонија,
- тековна состојба на правното лице - понудувач издадена од Централен регистар на Република Македонија,
- М1 и М2 образец и уверение за завршено високо образование од областа на природните науки за вработеното лице, или склучен договор за соработка со научна или образовна установа од областа на рибарството;
- изјави за техничката опременост и оспособеност на понудувачот, со прилог документи за доказ на потребната опрема утврдена во риболовната основа и
- изјава дека ќе формира рибочуварска служба и ќе го вработи потребниот број на лица за вршење физичка заштита на рибите утврден во риболовната основа.

Понудувачите за учество во постапката се должни да обезбедат банкарска гаранција со вредност која треба да изнесува најмалку 0,25% од минималниот концесиски надоместок утврден во риболовната основа.

Документите од ставот 5 на овој член детално ќе бидат образложени во тендерската документација.

Критериумот за избор е највисок понуден концесиски надоместок.

Врз основа на извршената евалуација, Комисијата ги поканува сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди да учествуваат на електронска аукција како завршна фаза пред доделување на рибите на користење за вршење стопански риболов по пат на концесија.

Почетната цена и основа за наддавање во електронската аукција е највисокиот понуден концесиски надоместокот од страна на понудувачите кои поднеле прифатливи понуди во спроведената постапка за доделување на рибите на користење за вршење стопански риболов по пат на концесија.

Електронска аукција е повторлив процес на позитивно наддавање кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите, во кој подобните понудувачи имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства, да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства.

## Член 26-б

На подносителите на понудите кои се комплетни во јавното отварање од јавниот повик, Комисијата им доставува покана за учество на електронската аукција со корисничко име и шифра, датум и време кога ќе се спроведе аукцијата и упатство за користење на електронскиот систем за електронска аукција за доделување на на рибите на користење за вршење стопански риболов по пат на концесија, а на подносителите на понудите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување дека нема да учествуваат на електронската аукција.

Подносителите на понуди кои доставиле комплетни понуди согласно со јавниот повик и тендерската документација, на денот на спроведување на јавната аукција се регистрираат на интернет страницата наведена во покана за учество на јавната аукција, по што имаат право на учество на јавното наддавање.

Електронската аукција ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во јавниот повик и тендерската документација и направи едно постапно наддавање над почетната цена.

Електронската аукција започнува со објавување на почетната цена и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. За успешно спроведена постапка на јавно наддавање потребно е да има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена, а не може да трае пократко од 15 минути.

Висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста изнесува најмалку 5% од почетната цена.

Електронската аукција се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

Електронската аукција продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

## Член 26-в

За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена и која претставува највисока цена за доделување на рибите на користење за вршење стопански риболов по пат на концесија.

Комисијата по завршувањето на јавната аукција изготвува записник за спроведеното јавно наддавање, кој е составен дел од писмениот извештајот за евалуација со предлог за избор на најповолна понуда. Извештајот се доставува до концедентот.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство воспоставува, управува и оперира со електронскиот систем за електронска аукција за давање на рибите за вршење на стопански риболов по пат на концесија.

## Член 27

## (Услови)

Заинтересираните правни лица кои учествуваат на јавниот повик од членот 26 став 2 на овој закон, освен условите пропишани со Законот за концесии и јавно приватно партнерство мора да ги исполнуваат следниве услови:
- да бидат регистрирани за вршење дејност рибарство,

- да имаат вработено најмалку едно лице со високо образование од областа на природните науки или договор за соработка со научна или образовна установа од областа на рибарството и
- да располагаат со минимум опрема потребна за вршење риболов утврдена во риболовната основа од членот 16 на овој закон.

## Член 28

## Почеток и времетраење на концесија

Врз основа на спроведениот јавен повик од членот 26 од овој закон, Владата на Република Македонија донесува одлука за избор на најповолна понуда.

Врз основа на одлуката од ставот 1 на овој член, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по овластување на Владата на Република Македонија со избраниот понудувач склучува договор за концесија.

Како почеток на концесијата се смета денот утврден во договорот од ставот 2 на овој член.

Рибите од риболовните подрачја се даваат на концесија за период од шест години.

## Член 28-а

Во случај на непотпишување на понудениот договор за концесија на риби по избор на правно лице како најповолен понудувач или во случај на раскинување на договорот, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува Решение за исклучување на правното лице од сите идни постапки за доделување на концесија на риби во период од три години од денот на донесување на решението. За втора негативна референца периодот на исклучување изнесува пет години, а при трета негативна референца на правното лице му се дава Решение за трајно исклучување за учество во понатамошните постапки за доделување на концесии за риби.

Министерството изготвува листа со негативни референци на правни лица што се објавува на веб страната на министерството.

Забраната за учество во сите идни постапки за доделување на концесија на риби се однесува на правното лице и на капитално, управувачки и роднински поврзани фирми, како и на основачите на правното лице кое има негативна референца, неговите содружници и членовите на органите на управување, како и поврзаните правни лица и заинтересираната страна согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

Министерството го известува правното лице за донесување на решението, а правното лице има право на жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

## Член 29

## Содржина на договорот

Меѓусебните односи за користењето на рибите од риболовните подрачја се уредуваат со договорот за концесија за период од шест години.

Договорот од ставот 1 на овој член содржи: 3
1) вовед;
2) договорни страни;
3) дефиниција на поимите;
4) цел и предмет на договорот;
5) период за кој договорот е склучен;
6) *Избришана*
7) поделбата на ризикот и придружните трошоци;
8) *Избришана*
9) плаќања на договорните страни;
10) настани кои можат да предизвикаат штета и начинот на постапување на договорните страни во случаи на нивно настанување;
11) *Избришана*
12) *Избришана*
13) последици од неисполнување на договорните обврски;
14) право на надзор од страна на концедентот;
15) виша сила;
16) престанок на договорот;
17) *Избришана*
18) доставување на известување во текот на договорениот период;
19) *Избришана*
20) *Избришана*
21) склучување поддоговори;
22) важечко право;
23) јазик на договорот;
24) решавање на споровите што произлегуваат од договорот и
25) влегување во сила на договорот.

## Член 30

## Престанок на концесијата

Концесијата престанува да важи во следниве случаи:
- истекот на рокот на важење на договорот за концесија,
- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концедентот,

- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концесионерот,
- спогодбено раскинување на договорот за концесија,
- стечај или ликвидација на концесионерот, ако со договорот за концесија не е поинаку уредено и
- други случаи предвидени со закон и договорот за концесија.

## Член 31

## Измена и еднострано раскинување на договорот за концесија

Договорот за концесија покрај во случаите утврдени во членот 41 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство може да се изменува и во случај на:
- промена на намената на одделни делови од риболовното подрачје,
- привремени ограничувања, прекини или приспособувања на водното право и
- заштита на природата или за изградба на објект или извршување на дејност од јавен интерес.

Договорот за концесија покрај во случаите утврдени во членот 44 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство може еднострано да се раскине од страна на концедентот и во случај концесионерот да:
- не ги спроведува мерките предвидени во риболовната основа од членот 16 и годишниот план од членот 17 од овој закон и
- неоправдано не доставува податоци пропишани со одредбите од членот 33 од овој закон.

## Член 32

## (Задачи на концесионерот)

Задачите на концесионерот се:
- подготовка на годишен план,
- вршење на риболов;
- активности за заштита и добробит на рибите;
- изведување на задачи и активности при помор на риби;
- водење на пропишани евиденции и доставување податоци;
- известување;
- стручно оспособување на рибарите;
- изведување на задачи за надзор од страна на рибочуварската служба и
- вршење други работи поврзани со концесијата.

Концесионерот не смее да издава дозволи за рекреативен риболов.

## Член 33

## (Евиденција)

Концесионерот е должен да води дневна евиденција за уловената риба во електронска форма. Концесионерот е должен на дневна основа да доставува евиденција за количината на уловот на риби до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопантво и Државниот инспекторат за земјоделство.

Евиденција од став 1 на овој член се води во електронска форма и особено ги содржи следните податоци:
- влез и излез на рибарите во риболовната вода,
- количина на улов по видови,
- количина на маломерна риба по видови,
- број и вид на риболовна опрема и алат,
- евиденција и документи за продажба на рибата по денови и
- податоци за рибарот.

Формата и содржината на образецот за дневна евиденција на риболовните подрачја од став 1 на овој член како и начинот на нејзиното водење ќе го пропише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со Правилник на кој согласност дава Владата на Република Македонија.

## Член 34

## (Рекреативен и спортски риболов во риболовни подрачја)

Концесионерот на рибите од риболовното подрачје е должен да дозволи вршење на рекреативен и спортски риболов на целото подрачје, доколку на подрачјето нема определено рекреативни зони.

## Член 35

## (Концесија за стопански риболов во риболовни зони)

Рибите од риболовните зони од членот 12 на овој закон се даваат на концесија на домашни и странски правни лица по пат на јавен повик на начин и под услови утврдени со овој закон.

Рибите од риболовните зони се даваат на концесија за период од шест години.

За давање на концесија на риболовните зони од ставот 1 на овој член се применуваат одредбите од членовите 26, 26-а, 26-б, 26-в, 27, 28, 29, 30, 31, 32 и 33 на овој закон.

## Член 36

## (Легитимации за стопански риболов)

Концесионерот на рибите стопанскиот риболов го врши преку вработени рибари кои поседуваат легитимација за стопански риболов.

Легитимацијата од ставот 1 на овој член ја издава Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку концесионерот на рибите врз основа на добиено уверение за положен испит.

Рибарите се должни при вршење на риболовот да ја носат легитимацијата од ставот 1 на овој член.

Легитимацијата престанува да важи кога ќе престане работниот однос на рибарите на кои им е издадена.

Рибарите треба да ја вратат легитимацијата на концесионерот со престанување на работниот однос, а концесионерот до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена по престанување на работниот однос на рибарите.

Содржината на програмата за полагање на испитот, формата и содржината на образецот на легитимациите за стопански риболов и начинот на издавање, формата и содржината на уверението, како и трошоците за добивање на уверението ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Начин на спроведување на испитот

## Член 36-а

Испитот се состои од два дела и тоа:
- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (студија на случај), со кој се проверува способноста за примена на Законот за рибарство и аквакултура во практика.

Испитот од ставот 1 на овој член се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Првиот дел од испитот ги опфаќа следниве области:
1) прописи од областа на рибарството и аквакултурата;

2) биологија на риби;
3) заштита и користење на рибите;
4) технички карактеристики на риболовни средства и навна употреба и
5) незгоди во риболов и прва помош.

Вториот дел на испитот се состои од:
- практичен пример и
- прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

## Член 36-б

Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и студиите на случај од вториот дел од испитот ги изработува овластена установа од областа на рибарството, а ги верификува Комисија составена од пет преставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и овластените установи од областа на рибарството.

Комисијата од ставот 1 на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на студии на случај најмалку двапати годишно.

При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на правните прописи на кои е засновано прашањето односно случајот, бројот на кандидати кои го одговорале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на испитот за рибочувар.

Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на студии на случај, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата и студиите на случај да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од испитот.

Членовите на Комисијата за верификација од ставовите 1 и 2 на овој член имаат право на паричен надоместок што го определелува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Износот на паричниот надоместок од ставот 5 на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и студии на случај, како и сложеноста на материјата.

Годишниот паричен надоместок од ставот 5 на овој член не го надминува нивото на просечна плата исплатена во Република Македонија за претходната година објавена од Државниот завод за статистика.

## Член 36-в

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот за добивање на уверение за вршење стопански риболов ги врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за што министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство определува одговорно

лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На одговорното лице од ставот 1 на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение.

## Член 36-г

Испитот се полага најмалку два пати годишно во периодот од 1 февруари до 30 ноември.

## Член 36-д

Барањето за полагање на испитот за добивање на уверение за вршење на стопански риболов кандидатот го поднесува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кон барањето за полагање на испитот од ставот 1 на овој член кандидатот приложува докази за исполнување на следниве услови:
- да е државјанин на Република Македонија и
- да е полнолетен.

## Член 36-ѓ

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или од него овластено лице, со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот за добивање на уверение за вршење на стопански риболов.

Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот, може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

## Член 36-е

На кандидатот мора да му се овозможи да започне да го полага испитот во првата наредна сесија од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

## Член 36-ж

Испитот за добивање на уверение за вршење стопански риболов се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит.

Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавниот радиодифузен сервис.

Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а ако поради технички причини снимањето се прекине, сминката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Правното лице кое го спроведува испитот за добивање на уверение за вршење на стопански риболов треба да ги исполнува просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот кои услови поблиску ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во просторијата за полагање на испитот, за време на полагање на испитот се присутни двајца претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и еден претставник на Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).

На претставниците од ставот 5 на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение.

Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио френкфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопнаство најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

**Член 36-з**

Пред почетокот на полагањето на испитот за добивање на уверение за вршење на стопански риболов, претставникот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го утврдува идентитетот на кандидатот со увид на лична карта.

На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од членот 36-з став 5 од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку нема да бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите 2, 3 и 4 на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија и му се изрекува забрана за полагање на испитот за добивање уверение за вршење стопански риболов во траење од три години, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Во случаите од ставот 7 на овој член се смета дека кандидатот не го положил испитот за добивање на уверение за вршење на стопански риболов и истото се констатира во записникот за полагање на испит за рибочувар.

Овластените претставници од членот 36-ж став 5 од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

## Член 36-s

Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

Решение за продолжување на испитот донесува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот 2 на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

Против решението на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство од ставот 2 на овој член кандидатот може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

## Прв и втор дел од испитот за рибочувар и електронски систем

### Член 36-и

Испитот за добивање на уверение за вршење на стопански риболов започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (студиите на случај).

Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со Правилник го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот и формата и содржината на уверението за положен испит.

### Член 36-ј

Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку десет прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични, една не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот 1 на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

### Член 36-к

Вториот дел од испитот се состои од практичен пример.

Прашањата кои се составен дел од практичниот пример се од областа на рибарството и имаат десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични и четири се различни.

Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот согласно со ставот 2 на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

## Член 36-л

Полагањето на првиот дел од испитот се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

Полагањето на вториот дел од испитот се врши со проучување на практичниот пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример, во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: електронски практичен пример).

Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичниот пример и нивните одговори се чуваат во електронски систем за полагање на испит.

Електронскиот систем од ставот 5 на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 30 прашања од секоја област, како и јавно достапна база од најмалку 30 практични примери за потребите на вториот дел од испитот.

Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и стручната литература во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.

Бројот на прашања и практични примери во базите од ставот 6 на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2015 година.

Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го воспоставува електронскиот систем за полагање на испитот за добивање на уверение за вршење на стопански риболов.

## Член 36-љ

На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од испитот, претставникот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 36-л од овој закон.

По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 36-л став 5 од овој закон, од базите од членот 36-л став 6 од овој закон.

Првиот и вториот дел од испитот, содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставникот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

## Член 36-м

Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 36-л од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

Доколку причините од ставот 1 на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

Доколку причините од ставот 1 на овој член не се отстранат во рокот од ставот 2 на овој член испитот се презакажува за друг термин.

## Член 36-н

Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 51% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

## Член 36-њ

Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од секоја од практичниот пример од вториот дел изнесува 120 минути.

Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од студијата на случај постигнал најмалку 51% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

## Уверение, ревизија на спроведените испити и трошоци

## Член 36-о

На барање на кандидатот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го информира за направените грешки во тестот за полагање на испитот со овозможување непосреден увид во тестот.

## Член 36-п

Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на испитот.

Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на испитот за добивање на уверение за вршење на стопански риболов и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичните примери, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира Комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од ставот 2 на овој член и во која, покрај другите членови, членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

Комисијата од ставот 3 на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 5 од овој закон, за што доставува извештај до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На членовите на комисијата од ставот 3 на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение.

Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 36-з став 5 од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 36-о од овој закон.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата во рок од три дена од приемот на предлогот.

Против решението од ставот 7 на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

## Член 36-р

Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ја определува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитната сесија, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на испитот.

Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

## Член 37

## (Дозволен риболов)

Рибарите кои поседуваат легитимација за стопански риболов смеат да вршат риболов на риболовните подрачја или риболовни зони за кои е издадена легитимацијата и со дозволен рибарски алат и риболовна опрема утврдени во риболовната основа и впишани во легитимацијата.

## Член 38

## (Обележување на пловни објекти и рибарски алат)

Концесионерите на рибите од риболовните подрачја и риболовните зони вршат риболов со регистрирани и видливо обележани пловни објекти за стопански риболов и пломбиран и евидентиран рибарски алат.

Начинот на обележување на пловните објекти и пломбирањето и евидентирањето на рибарскиот алат го пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 39

## (Забрана за риболов)

Ако за одредено риболовно подрачје или риболовна зона, поради одредени причини концесијата не е доделена или ако концесијата е одземена, до доделувањето на коцесијата на тоа риболовно подрачје или риболовна зона забранет е риболов.

По исклучок од ставот 1 на овој член дозволено е организирње на спортски риболов доколку тоа е предвидено во планот на одржување на натпреварите од членот 54 на овој закон.

## 2. РЕКРЕАТИВЕН И СПОРТСКИ РИБОЛОВ

### Член 40

### (Рекреативен и спортски риболов)

Рекреативен риболов може да се организира на риболовните ревири и рекреативните зони од членот 12 на овој закон.

Спортски риболов може да се организира согласно со членот 54 став 1 на овој закон.

### Член 41

### (Рекреативен риболов)

Рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони може да организираат правни лица регистрирани за дејност рибарство.

Рекреативен риболов се организира согласно со риболовната основа, одобрениот годишниот план и склучениот договор за концесија за одделна риболовна вода.

### Член 42

### (Концесија за рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони)

Рибите од риболовните ревири и рекреативните зони за организирање рекреативен риболов се доделуваат на користење по пат на концесија на домашно и странско правно лица кое ги исполнува условите предвидени со овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Постапката за доделување на рибите на користење по пат на концесија се врши со Јавен повик и ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за доделување на рибите на концесија (во натамошниот текст: Комисијата).

Јавниот повик од ставот 2 на овој член особено содржи:
- предмет на концесијата (природа и елементи на концесијата и место и локација за кој се доделува концесијата),
- период за кој се доделува концесијата,

- рок за поднесување на пријави,
- адреса на која се доставуваат понудите,
- јазик на кој треба да биде напишани понудите,
- надоместок за тендерската документација,
- лични, технички и финансиски услови кои треба да ги исполнат кандидатите,
- критериуми според кои се врши изборот на најповолна понуда,
- минималниот износ на надоместок за концесија и
- име и адреса на надлежниот орган за одлучување по жалба и информации за крајни рокови за поднесување на жалби.

Јавниот повик од став 2 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија", во два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, во еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик како и на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Странските правни лица од ставот 1 на овој член имаат право да учествуваат на јавен повик доколку имаат регистрирано подружница во Република Македонија, согласно со Законот за трговските друштва.

Постапката за доделување на рибите на користење по пат на концесија започнува шест месеци пред истекот на тековната концесија.

## Член 42-а

Минималниот концесиски надоместок кој е основа за доставување на понуди по јавниот повик е утврден во членот 46 од овој закон.

Надоместокот за користење на рибите за организирање на рекреативен риболов се плаќа најдоцна до 31 јануари во тековната година за предходната година на сметка на Буџетот на Република Македонија.

Во постапката за доделување на рибите на користење за организирање на рекреативен риболов по пат на концесија, Комисијата врши целосна евалуација на способноста на понудувачите и на првичните доставени понуди.

Способноста на понудувачите од ставот 3 на овој член се докажува со следниве документи:
- изјава со која потврдува дека правното лице или член на негов орган на управување или надзорен орган не се осудени со правосилна судска пресуда за следниве кривични дела: корупција, измама и перење пари,
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган,
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган,
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган,
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност,
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност,

- потврда за регистрирана дејност - рибарство (ПРД) издаден од Централен регистар на Република Македонија,
- тековна состојба на правното лице - понудувач издадена од Централен регистар на Република Македонија,
- изјава дека во моментот на поднесување на понудата во здружението членуваат најмалку 50 членови,
- изјави за техничката опременост и оспособеност на понудувачот, со прилог документи за доказ на потребната опрема утврдена во риболовната основа,
- изјава дека ќе формира рибочуварска служба и ќе го вработи потребниот број на лица за вршење физичка заштита на рибите утврден во риболовната основа и
- договор за порибување со регистриран репроцентар.

Понудувачите за учество во постапката се должни да обезбедат банкарска гаранција во висина од 10.000,00 денари.

Документите од став 4 на овој член детално ќе бидат образложени во тендерската документација.

Критериумот за избор е највисок понуден концесиски надоместок.

Врз основа на извршената евалуација, Комисијата ги поканува сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди да учествуваат на електронска аукција како завршна фаза пред доделување на рибите на користење за организирање на рекреативен риболов по пат на концесија.

Почетната цена и основа за наддавање во електронската аукција е највисокиот понуден концесиски надоместокот од страна на понудувачите кои поднеле прифатливи понуди во спроведената постапка за доделување на рибите на користење за организирање на рекреативен риболов по пат на концесија.

Електронска аукција е повторлив процес на позитивно наддавање кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите, во кој подобните понудувачи имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства, да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства.

## Член 42-б

На подносителите на понудите кои се комплетни во јавното отварање од јавниот повик, Комисијата им доставува покана за учество на електронската аукција со корисничко име и шифра, датум и време кога ќе се спроведе аукцијата и упатство за користење на електронскиот систем за електронска аукција за доделување на на рибите на користење за вршење стопански риболов по пат на концесија, а на подносителите на понудите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување дека нема да учествуваат на електронската аукција.

Подносителите на понуди кои доставиле комплетни понуди согласно со јавниот повик и тендерската документација, на денот на спроведување на јавната аукција се регистрираат на интернет страницата наведена во покана за учество на јавната аукција, по што имаат право на учество на јавното наддавање.

Електронската аукција ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во јавниот повик и тендерската документација и направи едно постапно наддавање над почетната цена.

Електронската аукција започнува со објавување на почетната цена и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. За успешно спроведена постапка на јавно наддавање потребно е да има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена, а не може да трае пократко од 15 минути.

Висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста изнесува најмалку 1% од процентот за концесиски надоместок утврден во член 46 од овој закон.

Електронската аукција се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

Електронската аукција продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

## Член 42-в

За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил највисок процент како концесиски надоместок за доделување на рибите на користење за организирање на рекреативен риболов по пат на концесија.

Комисијата по завршувањето на јавната аукција изготвува записник за спроведеното јавно наддавање, кој е составен дел од писмениот извештајот за евалуација со предлог за избор на најповолна понуда. Извештајот се доставува до концедентот.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство воспоставува, управува и оперира со електронскиот систем за електронска аукција за давање на рибите за организирање на рекреативен риболов по пат на концесија.

## Член 43

## (Услови)

Риболовните здруженија од членот 41 став 1 на овој закон кои учествуваат на јавниот повик, треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да имаат минимум 50 члена,
- да имаат најмалку еден вработен или ангажиран рибочувар и
- да имаат склучено договор за порибување со регистриран репроцентар.

## Член 44

## Содржина на договорот

Меѓусебните односи за користење на рибите од риболовните ревири и рекреативни зони се уредуваат со договор, кој содржи: [4]
1) вовед;
2) договорни страни;
3) дефиниција на поимите;
4) цел и предмет на договорот;
5) период за кој договорот е склучен;
6) *Избришана*
7) поделбата на ризикот и придружните трошоци;
8) *Избришана*
9) плаќања на договорните страни;
10) настани кои можат да предизвикаат штета и начинот на постапување на договорните страни во случаи на нивно настанување;
11) *Избришана*
12) *Избришана*
13) последици од неисполнување на договорните обврски;
14) право на надзор од страна на концедентот;
15) виша сила;
16) престанок на договорот;
17) *Избришана*
18) доставување на известување во текот на договорениот период;
19) *Избришана*
20) *Избришана*
21) склучување поддоговори;
22) важечко право;
23) јазик на договорот;
24) решавање на споровите што произлегуваат од договорот и
25) влегување во сила на договорот.

## Член 45

## Почеток и времетраење на концесија

Врз основа на спроведениот јавен повик од членот 42 од овој закон, Владата на Република Македонија донесува одлука за избор на најповолна понуда.

Врз основа на одлуката од ставот 1 на овој член, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по овластување на Владата на Република Македонија со избраниот понудувач склучува договор за концесија.

Како почеток на концесијата се смета денот утврден во договорот од ставот 2 на овој член.

## Член 46

## (Надомест)

Надоместокот за концесија за рекреативен риболов изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

Надоместокот од ставот 1 на овој член е приход на Буџетот на Република Македонија.

## Член 47

## Измена и еднострано раскинување на договорот за концесија за рекреативен риболов

Договорот за концесија за рекреативен риболов, покрај во случаите предвидени со членот 41 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство може да се изменува и во случај на:
- промена на намената на одделни делови од риболовната вода,
- привремени ограничувања, прекини или приспособувања на водното право и
- заштита на природата или за изградба на објект или извршување на дејност од јавен интерес.

Договорот за концесија за рекреативен риболов, покрај во случаите предвидени со членот 44 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство може еднострано да се раскине од страна на концедентот и во случај концесионерот да:
- не ги спроведува мерките предвидени во риболовната основа од членот 16 и годишниот план од членот 17 од овој закон и
- со незаконски начин на стопанисување ги влошува хидролошките, физичко-хемиските и биолошките особини на водата.

## Член 48

## (Забрана)

Рекреативен и спортски риболов не може да се врши заради стекнување на приходи, ставање риба во промет, како и ловење на поголеми количества на риба определени во риболовната основа и годишниот план.

## Член 49

## (Легитимација за рекреативен риболов)

Рекреативен риболов може да врши лице кое поседува легитимација за рекреативен риболов.

Легитимацијата од ставот 1 на овој член ја издава федерацијата од членот 80 на овој закон со времетраење од една календарска години и се продолжува за секоја наредна година.

Во зависност од реалните трошоци потребни за изработка на легитимацијата на предлог на федерацијата министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го одредува надоместокот за нејзиното издавање и/или продолжување.

Остварениот приход на годишно ниво од легитимациите федерацијата го наменува за:
- 70% за реализирање на работите од членот 82 на овој закон и
- 30% за Буџетот на Република Македонија уплатени најдоцна до 31 декември за тековната година.

Федерацијата остварениот приход од ставот 4 алинеја 1 на овој член го реализира по претходно поднесена и одобрена програма за реализација на работите од членот 82 на овој закон.

Со програмата од ставот 5 на овој член федерацијата доставува и писмен доказ за уплатени средства во Буџетот на Република Македонија од ставот 4 алинеја 2 на овој член.

Програмата од ставот 5 на овој член федерацијата ја доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 15 јануари во тековната година и истата најмалку содржи планирани активности и потребни средства за реализација на активностите за тековната година.

Доколку остварениот приход на годишно ниво од ставот 4 алинеја 1 на овој член не е доволен за реализација на активностите предвидени во програмата, истите активности федерацијата треба да ги предвиди во програмата за наредната година.

Формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов и начинот на нејзиното издавање го пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 50

## (Дозвола за рекреативен риболов)

Рекреативен риболов на риболовните ревири и рекреативните зони се врши врз основа на дозвола за рекреативен риболов.

Дозволата за рекреативен риболов може да биде:
- годишна за сите риболовни води во Република Македонија - државна дозвола,
- годишна за одреден риболовен ревир и рекреативна зона,
- петнаесетдневна,
- седумдневна и
- еднодневна.

Дозвола за рекреативен риболов се издава на лице кое поседува легитимација за рекреативен риболов.

По исклучок на ставот 3 од овој член дозвола за вршење рекреативен риболов без поседување на легитимација може да се издаде на рекреативни риболовци кои се странски државјани.

Рекреативните риболовци се должни легитимацијата и дозволата за рекреативен риболов да ја носат при вршење на риболовот, редовно да водат евиденција за уловената риба и податоците да ги доставуваат до концесионерот.

Формата и содржината на образецот на дозволата и образецот за водење евиденција, како и начинот на водење на евиденцијата и доставување на податоците ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 51

## (Надоместок за издавање на дозволите за рекреативен риболов)

За издавање на дозволата за рекреативен риболов од член 50 став 2 се определува надоместок.

Надоместокот за издавање на државната дозвола од членот 50 став 2 алинеја 1 од овој закон со решение на годишно ниво го определува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Надоместокот е во висина на највисокиот определен надоместок за издавање на годишната дозвола од членот 50 став 2 алинеја 2 на овој закон зголемена за два пати не повеќе од 7.000,00 денари.

Висината на надоместокот за издадената дозвола од членот 50 став 2 алинеи 2, 3, 4 и 5 на годишно ниво ја определуваат концесионерите на риби по претходно добиена согласност од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 52

## (Издавање на дозволите за рекреативен риболов)

Дозволите од членот 50 став 2 на овој закон ги издава министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дозволата од членот 50 став 2 алинеја 1 на овој закон се издава на рекреативните риболовци по претходно доставен доказ за уплатени средства согласно со членот 53 од овој закон.

Дозволите од членот 50 став 2 алинеи 2, 3, 4 и 5 од овој закон се издаваат на концесионерите на рибите од риболовните ревири и рекреативните зони и корисниците на рибите од подрачјата на националните паркови со задолжување, за тековната календарска година ако имаат одобрен годишен план согласно со членот 17 од овој закон и со доставен доказ за платен надоместок за концесија за претходната година.

Концесионерот на риби задолжените дозволи ги издава за риболовниот ревир или рекреативната зона за кои му е дадена концесијата.

Концесионерот е должен да води евиденција за бројот за издадени дозволи и евиденција за количината на уловена риба и да ја доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Концесионерот е должен да определи и видливо да обележи места на кои ќе ги издава дозволите за рекреативен риболов.

Концесионерот смее да издава дозволи за рекреативен риболов само на определените места за издавање дозволи.

Начинот на издавање на дозволите и потребната документација, формата и содржината на образецот за водење евиденција, како и начинот на водење на евиденцијата и доставување на податоците ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 53

## (Распределба на средства)

Уплатата на надоместокот за издавање на дозволата од членот 50 став 2 алинеја 1 на овој закон, се врши на следниов начин:
- 70% во Буџетот на Република Македонија и
- 30% на сметка на риболовното здружение чиј член е корисникот (сопственикот) на дозволата.

## Член 54

## (Натпревари во спортски риболов)

Спортски риболов се врши на сите риболовни води со согласност на концесионерите.

Натпреварите во спортски риболов можат да се организираат само на натпреварувачки патеки кои за таа цел ги определува и означува концесионерот согласно со риболовната основа.

Натпреварите во спортски риболов се организираат врз основа на правилата кои ги пропишува федерацијата од членот 80 на овој закон и на нив можат да учествуваат риболовци кои поседуваат спортска легитимација.

Организаторот на натпреварите во спортски риболов е должен да достави план на одржување на натпреварите најмалку 15 дена пред започнувањето на натпреварите до Министеството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за млади и спорт.

Извештајот за одржаните натпревари во спортски риболов е составен дел на годишниот извештај кој го поднесува Федерацијата од членот 80 на овој закон.

### Член 55

### (Лица кои вршат рекреативен риболов)

Дозволата за рекреативен риболов се издава на лице кое наполнило 15 години.

Лица помлади од 15 години можат да вршат рекреативен риболов доколку поседуваат легитимација за рекреативен риболов и само во присуство на полнолетно лице кое поседува дозвола за рекреативен риболов.

### Член 56

### (Пристап до место за риболов)

Рекреативните и спортските риболовци имаат право да пристапат до местото на риболов преку одредени патеки што се наоѓаат на земјиштето покрај риболовната вода. Тоа право не се однесува на земјиште кое е во приватна сопственост, како и на земјиште на кое пристапот е забранет или ограничен со посебни прописи.

## 3. МЕЛИОРАТИВЕН И СЕЛЕКТИВЕН РИБОЛОВ

## Член 57

## (Вршење мелиоративен и селективен риболов)

Мелиоративен и селективен риболов може да врши концесионерот на рибите врз основа на одобрение за мелиоративен, односно селективен риболов издадено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Концесионерот на рибите доставува барање за вршење на мелиоративен, односно селективен риболов со образложение кое треба да содржи:
- позитивно мислење за изведување на риболовот од овластена установа од членот 74 на овој закон,
- причина за изведување на мелиоративен или селективен риболов,
- видови на риби кои ќе се изловуваат,
- количини и возрасна група на рибите кои се цел на риболовот,
- риболовни средства со кои ќе се изведува риболовот и
- времетраење на риболовот.

Риболовот од ставот 1 на овој член може да се врши и со риболовни средства кои не се дозволени за другите видови риболов, а се неопходни за изведување на риболовот.

За извршениот риболов од ставот 1 на овој член корисникот е должен да поднесе извештај до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и овластената установа од членот 74 на овој закон.

За уловената риба од ставот 1 на овој член концесионерот на рибите плаќа надоместок во износ од 20% од вредноста на уловената риба.

Надоместокот од ставот 5 на овој член е приход на Буџетот на Република Македонија.

# 4. РИБОЛОВ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕЛИ

## Член 58

## (Вршење риболов за научно-истражувачки цели)

Риболов за научно-истражувачки цели можат да вршат домашни научни установи врз основа на одобрение за вршење на риболов за научно-истражувачки цели издадено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За вршење риболов од ставот 1 на овој член научните установи доставуваат барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое особено содржи:

- риболовната вода на која се изведува риболовот,
- времетраење на риболовот,
- лица кои ќе го изведуваат риболовот,
- видови, количина и возрасна структура на рибите и
- риболовни средства со кои ќе се изведува риболовот.

Риболовот од ставот 1 на овој член може да се врши и со риболовни средства кои не се дозволени за другите видови риболов, а се неопходни за изведување на риболовот.

За вршење на риболовот од ставот 1 на овој член не се плаќа надоместок.

За секое вршење на риболовот од ставот 1 на овој член вршителот е должен писмено, во рок не пократок од пет дена пред започнување на риболовот, да го извести концесионерот на рибите, како и Државниот инспекторат за земјоделство.

За извршените работи, како и за сознанијата од испитувањата научните установи од став 1 на овој член доставуваат извештај до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## 5. РИБОЛОВ ВО ПОДРАЧЈА ПРОГЛАСЕНИ ЗА НАЦИОНАЛНИ ПАРКОВИ

### Член 59

### (Режим на вршење рекреативен и спортски риболов во национални паркови)

Корисници на рибите од подрачјата на националните паркови се правните лица кои управуваат со националните паркови.

На водите кои припаѓаат на подрачјата прогласени за национални паркови е забрането вршење на стопански риболов.

Рекреативен и спортски риболов на водите од ставот 1 на овој член е забранет освен во определени рекреативни зони согласно со општиот план за управување со националните паркови, а врз основа на риболовната основа од членот 16 на овој закон.

Корисникот е должен за бројот на издадени дозволи за рекреативен риболов и уловената риба да води евиденција согласно со членот 50 од овој закон и да ја доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

# IV. АКВАКУЛТУРА

## Член 60

## (Води за аквакултура)

За аквакултура можат да се користат сите истечни, стоечки и подземни води доколку поинаку не е уредено со друг закон.

## Член 61

## (Вршење аквакултура)

Аквакултура може да вршат домашни и странски правни лица регистрирани за дејност рибарство и аквакултура, физички лица и научни и/или образовни установи кои се запишани во регистарот на одгледувачи на риби (во натамошниот текст: регистар).

## Член 62

## (Регистар)

Регистарот од членот 61 на овој закон се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во регистарот се запишуваат субјектите од членот 61 на овој закон по претходно доставена пријава до Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство. За запишување во регистерот се издава извод од регистарот на одгледувачи на риби.

Во пријавата од ставот 2 на овој член се наведуваат општите податоци за субјектот, името на водата и локацијата на објектот, општи податоци за објектот (капацитет, видовите риби кои се одгледуваат, системот на одгледување) и начинот на користење на водата. Кон пријавата се доставуваат следниве прилози:
- доказ за регистрација на дејност и
- доказ за сопственост или користење на рибникот, полурибникот, кафезот, оризиштето или други одгледувалишта на риби.

Одгледувачот на риби смее да ги одгледува само оние видови риби кои се наведени во изводот и е обврзан секоја промена да ја пријави во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена од настанатата промена.

Формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот 1 на овој член, како и формата, содржината на образецот на пријавата и изводот ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 63

## (Дозвола за аквакултура)

(1) Дозволата за аквакултура се издава на субјекти запишани во регистарот од членот 61 на овој закон по претходно поднесено барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Кон барањето задолжително се приложуваат:
- проект за изградба на рибник составен од градежен дел, технологија на производство и финансиски дел (за полурибник се доставува скица на полурибникот со основните топографски, географски и хидрографски карактеристики),
- дозвола за користење на водата,
- одобрение за употреба на градба (не се доставува за кафез, полурибник и оризиште),
- решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина и
- доказ за регистрирано одгледувалиште. 5

(3) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за издавање на дозвола за аквакултура донесува решение, со кое одлучува по барањето за издавање на дозвола за аквакултура.

(4) Доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не издаде дозвола за аквакултура, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, за донесување на решение по поднесеното барање, односно да издаде дозвола за аквакултура.

(5) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Кон барањето за издавање на дозвола за аквакултура подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (3) на овој член .

(7) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (4) на овој член до писарницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да донесе решение со кое барањето за издавање на дозвола за аквакултура е уважено или одбиено. Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството.

(8) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(9) Државниот управен испекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Инспекторот од Државниот управен испекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести испекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(11) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, испекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести испекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (10) на овој член, испекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (9) и (10) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (11) и (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за испекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој испекторот ќе изврши надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку испекторот на постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен испекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против испекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Во случајот од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен испекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг испектор да го спроведе надзорот веднаш.

(17) Во случаите од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен испекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежтниот јавен обвинител, во рок од осум работни дена.

(19) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рок од ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(20) Постапката пред Управниот суд е итна.

(21) Подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(22) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството на земјоделство, шумарство и водостопанство.

(23) Формата и содржината на дозволата од ставот 1 на овој член, како и формата на барањето од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 64

## (Престанок на важење на дозвола за аквакултура)

Дозволата за аквакултура од членот 61 на овој закон престанува да важи:
- со престанокот на постоењето на правното лице или со смрт на физичкото лице носител на дејноста и
- доколку престане важноста на некој од прилозите на членот 63 став 2 алинеи 2, 3, 4 и 5 од овој закон,

## Член 65

## (Одземање на дозвола за аквакултура)

Субјектот се брише од регистарот на одгледувачи на риби и му се одзема дозволата за аквакултура со решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, ако:
- се утврди дека лицето одгледува риби кои не се впишани во дозволата,
- не доставува податоци за годишното производство на риби и
- не извести за настанатите промени во предвидениот рок.

Против решението од ставот 1 на овој член дозволена е жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. 6

## Член 66

## (Обврски на одгледувачите)

Одгледувачите на риби се должни изводот и дозволата да ги истакнат на пригодно и видно место на местата каде што се одгледуваат риби.

Одгледувачите се должни да водат евиденција за производство на риба, како и за количината продадена риба по видови.

Евиденцијата од ставот 2 на овој член се доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година.

Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 67

## (Дозволени видови риби за одгледување)

Одгледувачите смеат да ги одгледуваат само оние видови риби кои се впишани во дозволата за аквакултура од членот 61 на овој закон.

## Член 68

## (Забрана за ловење риба околу кафези)

На риболовната вода на која се одгледува риба во кафези забрането е ловење на риба и вршење на други активности кои можат да го попречуваат и отежнуваат одгледувањето на рибите во појас од 10 метри од кафезот.

Одгледувачите на риба се должни видливо да го обележат појасот околу кафезот на оддалеченост не поголема од 15 метри од кафезот.

Начинот на обележувањето од ставот 2 на овој член ќе го пропише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 69

## (Рекреативен и спортски риболов на рибник)

На рибник и полурибник може да се организира рекреативен и спортски риболов со одобрение од сопственикот на истиот за одреден надоместок.

# V. ПРОМЕТ НА РИБА

## Член 70

## (Промет на риба)

Промет на риба е дозволен од риболовните пунктови, од местата во кои се одгледува рибата и во рибарници, маркети и угостителски објекти.

Вршителите на промет на риба од ставот 1 на овој член се должни да имаат соодветен документ како доказ за потеклото на рибата.

Во промет се става риба доколку исполнува услови по однос на квалитет, големина и тежина и доколку е здравствено исправна.

Поблиските услови од ставот 3 на овој член задолжително се декларирираат за рибата која е наменета за ставање во промет.

Поблиските условите од ставот 3 и начинот на декларирање од ставот 4 на овој член у ќе ги пропише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 71

## (Прва продажба)

Прва продажба на риба е продажбата на риба од риболовните пунктови и од местата во кои се одгледува рибата.

## Член 72

## (Пунктови)

Заради организирање на стопански риболов концесионерите на рибите од риболовните подрачја и риболовните зони се должни да користат риболовен пункт.

Пунктот е место за:
- поаѓање и враќање од риболов,

- продавање на уловената риба и
- чување на рибарскиот алат и риболовната опрема.

Пунктот од ставот 1 на овој член треба да ги исполнува техничките барања што ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Пунктот од ставот 1 на овој член се гради на однапред определена локација од единиците на локалната самоуправа, а врз основа на риболовните основи.

### Член 73

### (Пропратни документи)

Концесионерот и одгледувачот на риби при првата продажба се должни на излезот на пунктот, односно од местата во кои се одгледува рибата, за уловената и испорачана риба, на првиот купувач да му издадат соодветен документ, како доказ за потеклото на рибата и да обезбеди соодветен документ согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство.

Забранет е транспорт на риба во возила, чамци и други превозни средства без поседување на документите од ставот 1 на овој член како доказ за потекло на рибата или без поседување на дозвола за рекреативен риболов, ако рибата што се транспортира е уловена при вршење рекреативен риболов.

Формата и содржината на документот за потеклото на рибата и начинот на неговото издавање и пополнување го пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## VI. УСТАНОВИ И ЗДРУЖУВАЊЕ

### Член 74

### (Овластена установа)

Работите во областа на развојот и унапредувањето на рибарството ги врши овластена установа.

Овластување за вршење на работи од областа на рибарството добива установа со решение кое го издава министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по претходно поднесено барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За да добие овластување установата од ставот 2 на овој член треба да ги исполнува следниве услови:
- да има вработено најмалку едно лице со VIII степен образование од областа на рибарството,

- да има вработено најмалку едно лице со VII степен образование од областа на рибарството,
- да има лабораторија за ихтиолошки и хидробиолошки анализи и
- да поседуваат соодветна опрема за извршување на задачите од областа на рибарството.

## Член 75

## (Одземање на овластувањето)

Доколку овластената установа престане да исполнува некој од условите предвидени со членот 74 став 3 на овој закон или не ги извршува работите предвидени со членот 76 на овој закон, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за одземање на овластувањето.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. 7

## Член 76

## (Работи од областа на рибарството)

Работи од областа на рибарството кои ги врши овластена установа за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се:
- следење на состојбите во рибарството и обработка на податоците,
- изработка на риболовни основи,
- давање мислења по однос на годишните планови, анализа на годишни извештаи,
- изработка на стручни студии и процени на состојбата со рибите,
- предлагање мерки за заштита и унапредување на риболовот,
- вршење ихтиолошки истражувања,
- вршење хемиски истражувања на водата во риболовните води и рибниците,
- вршење истражувања на полето на примарната органска продукција (бактериопланктон, фитопланктон и виша водна растителност) за потребите на рибарството,
- вршење истражувања на полето на секундарната органска продукција (зоопланктон и фауна на дно) за потребите на рибарството,
- вршење истражувања околу влијанието на внесените видови риби во риболовните води (интродукција и реинтродукција),
- вршење истражувања околу одгледување на автохтони и алохтони видови риби и
- вршење и други задачи од областа на рибарството и аквакултурата.

## Член 77

## (Јавен конкурс)

За извршување на работите од членот 76 алинеи 1 и 2 на овој закон министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство распишува јавен конкурс.

На конкурсот можат да се јават овластените установи од членот 74 на овој закон.

Врз основа на спроведениот јавен конкурс од ставот 1 на овој член министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за избор на овластена установа.

## Член 78

## (Договор со овластената установа)

По извршување на изборот од членот 77 став 3 на овој закон министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство склучува договор за извршување на работите кој особено содржи:
- почеток и рок за извршување на работите,
- висина на надоместок и рок на плаќање и
- надзор.

## Член 79

## (Престанок на договорот)

Договорот од членот 78 на овој закон престанува:
- по истекот на времето за кое бил склучен,
- со одземање на овластувањето и
- со раскинување.

## Член 80

## (Македонска риболовна федерација)

Македонската риболовна федерација (во натамошниот текст: Федерацијата) е облик на здружување на сите здруженија на рекреативните и спортските риболовци од Република Македонија со цел за остварување и усогласување на своите и заедничките интереси и заради вршење на активности кои се стремеж кон збогатување на облиците на организирање и дејствување од областа на рекреативниот и спортскиот риболов.

Членови на Федерацијата можат да бидат и други организации, друштва и клубови кои имаат врска со рекреативниот и спортскиот риболов.

## Член 81

## (Јавно овластување)

Федерацијата од членот 80 на овој закон ги врши работите кои како јавни овластувања и се доверени со овој закон.

Федерацијата од ставот 1 на овој член треба да:
- дејствува на подрачјето на целата држава,
- има квалификувани кадри за изведување на јавните овластувања и
- има воспоставено инфраструктура за изведување на јавните овластувања.

## Член 82

## (Работи на Федерацијата)

Федерацијата ги врши следниве работи:
- заштита на водите и рибите во нив,
- заштита и унапредување на животната средина,
- дава помош, соработува и врши контрола на терен во организирањето на спортскиот и рекреативниот риболов на своите членки,
- издава легитимација за рекреативен риболов,
- води евиденција за издадени легитимации за рекреативен риболов,
- водење евиденција и статистика од областа на рекреативниот риболов,
- организирано јакнење на здруженијата на спортските риболовци и нивна меѓусебна соработка,
- насочување и координирање во работата на здруженијата на рекреативни и спортски риболовци,
- соработка со други организации, органи и здруженија,
- развивање и унапредување на рекреативниот и спортскиот риболов,
- унапредување на врвното спортување заради репрезентирање на спортски натпревари на домашен и меѓународен план,
- омасовување на рекреативниот риболов,
- издавање брошури и други стручно-информативни материјали,
- утврдување и реализирање на системот за натпревари во спортски риболов,
- подготвува програми и спроведува семинари и курсеви за стручно доспособување на рибочуварите и
- преку програмата од членот 49 став 5 на овој закон обезбедува техничка помош во висина не поголема од 10% од остварениот приход од членот 49 став 4 алинеја 1 на овој закон за издадените легитимации.

Федерацијата за извршувањето на работите од програмата од членот 49 став 5 на овој закон доставува извештај до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 31 јануари од тековната година за минатата година.

## Член 83

## (Финансирање на Федерацијата)

Федерацијата за остварување на работите од членот 82 на овој закон, се финансира од следниве извори од:
- наплатен надомест од издадените легитимации за рекреативен риболов,
- спроведување на семинари, курсеви, оспособување и
- донации, членарина и други извори на средства.

## Член 84

## (Здруженија на производители)

Заради усогласување на производството и понудата и обезбедување оптимални услови за продажба на риби, концесионерите и одгледувачите на риби можат да се здружат и се запишуваат како организации на производители во регистар кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Заради усогласување на производството, преработката и продажбата на рибите, како и за подобрување на достапност на информации за производството и пазарот, може да се здружат субјекти од областа на производството, преработката и трговијата и се запишуваат како организации за производство, преработка и продажба на риби во регистарот од ставот 1 на овој член.

За запишување во регистарот од ставот 1 на овој член организациите од ставовите 1 и 2 на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да бидат регистрирани согласно со постоечките законски прописи,
- да ги почитуваат правилата во поглед на ловот, производството и продажбата, во смисла на овој закон, и
- да имаат одредено најмал број членови и најмал обем на производство.

Формата, содржината и начинот на водење на регистарот од став 1 на овој член, како и постапката за запишување, односно бришење од регистарот ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Усогласувањето на производството и понудата здруженијата од ставовите 1 и 2 на овој член особено го вршат преку:
- концентрација на понудата, а со тоа и стабилизација на цената,
- поттикнување, воспоставување и реализација на методи кои придонесуваат за одржливо рибарство и
- други активности.

# VII. ЗАШТИТА НА РИБИ

## Член 85

## (Забрана за риболов)

Во риболовните води кои не се доделени на концесија се забранува вршење на риболов.

До доделување на концесија за риболов во риболовните води, заштитата на рибите во риболовните води ќе ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или друг субјект определен од овој орган.

На риболовните води од ставот 1 на овој член дозволено е организирање на спортски риболов доколку тоа е предвидено во планот за одржување на натпреварите од членот 54 на овој закон.

## Член 86

## (Заштита на риби)

Заштита на рибите опфаќа непосредна (физичка) заштита на рибите, еколошка заштита на риболовната вода и околината и превентивни мерки за здравствена заштита.

Физичката и еколошката заштита од ставот 1 на овој член ја вршат концесионерите на рибите преку рибочувари.

На вработените или ангажирани рибочувари концесионерите се должни да им издадат легитимација за рибочувари.

Рибочувари од ставот 2 на овој член можат да бидат само лица кои имаат положено испит за рибочувар и поседуваат лиценца за обезбедување имот и лица.

Легитимацијата од ставот 3 на овој член се издава врз основа на уверение за положен испит за рибочувар.

Легитимацијата престанува да важи кога ќе престане работниот однос или ангажманот на рибочуварот на кој му е издадена.

Рибочуварот треба да ја врати легитимацијата на концесионерот со престанување на работниот однос или ангажманот, а концесионерот до министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена по престанување на работниот однос или ангажманот на рибочуварот.

За издадените легитимации од ставот 1 на овој член во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води евиденција.

За изведување на испитот за добивање за уверение за рибочувар се применуваат одредбите од членовите за изведување на испитот за добивање на уверение за вршење на стопански риболов.

## Член 87

## (Начин на вршење на рибочуварска служба)

При вршење на рибочуварската служба, рибочуварот има право од лицата кои ловат риба од брег и од пловен објект, како и од лицата кои се наоѓаат во непосредна близина на риболовната вода да:
- побара легитимација и дозвола за вршење риболов,
- врши преглед на риболовните средства и уловената риба,
- побара документ за лична идентификација,
- врши преглед на средствата со кои риболовецот дошол до риболовната вода и
- ги одземе привремено риболовните средства и уловената риба доколку утврди неправилности.

При утврдување на неправилност рибочуварот на риболовната вода во рок од пет дена поднесува пријава и ги доставува привремено одземените риболовни средства до Државниот инспекторат за земјоделство.

Начинот на вршење на рибочуварската служба, формата и содржината на образецот на легитимацијата за рибочувар, како и начинот на нејзиното давање и одземање ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 88

## (Внесување на нови видови риби)

Внесување во риболовните води на нови видови риби и/или порибителен материјал од нови видови риби што во тие води дотогаш ги немало, како и внесување риби од една вода во друга вода, може да се врши со одобрение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по претходно мислење од овластената установа од членот 74 на овој закон и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Новите видови риби кои одобрено се внесуваат во риболовните води треба да се придружени со соодветен документ согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство.

Во водите и природниот слив на Охридското, Дојранското и Преспанското Езеро и во водите кои припаѓаат на териториите на националните паркови не смее да се внесуваат алохтони видови риби и/или порибителен материјал од алохтони видови риби.

Аквакултура на нови видови риби и риби кои не се утврдени во риболовната основа е дозволена по претходно добиено позитивно мислење од овластената установа од членот 74 на овој закон.

## Член 89

## (Забрана за промет со нови видови риби)

Заради заштита на риболовните води од неконтролирано внесување на нови видови риби и/или порибителен материјал од нови видови риби, забрането е нивно ставање во промет во жива состојба без поседување на одобрение од членот 88 став 1 на овој закон.

## Член 90

## (Превентивна мерка за заштита)

Корисниците на доводните, турбинските и други канали се должни да изградат и да одржуваат направи и инсталации за спречување и влегување на рибите во тие канали.

Сите хидротехнички објекти кои го попречуваат нормалното движење на рибите во риболовните води, посебно при миграциите за размножување, треба да имаат инсталирано рибни патеки, превојници или водни лифтови со што ќе се овозможи нивно непречено движење.

Корисниците на хидротехничките објекти кои го попречуваат нормалното движење во риболовните води за предизвиканата штета плаќаат надоместок за штета или обезбедуваат порибителен материјал за порибување на риболовната вода во висина на надоместокот за направената штета.

Висината на надоместокот од ставот 3 на овој член се утврдува со отштетниот ценовник од членот 100 на овој закон.

## Член 91

## (Природни плодишта)

Министерот по претходно мислење од овластената установа од членот 74 на овој закон, одделни делови од риболовните води може трајно или времено да ги прогласи за природни плодишта.

Во природните плодишта од ставот 1 на овој член забранет е риболов.

## Член 92

## (Дозволени риболовни средства, дозволена големина и количина на уловена риба)

Стопански, рекреативен и спортски риболов се врши со дозволени риболовни средства, а уловените риби се со одредена големина и во дозволена количина.

Бројот на дозволени риболовни средства и дозволената количина на уловената риба се утврдени со риболовната основа за одделна риболовна вода.

Дозволените риболовни средства за спортски риболов се одредени со правилата за вршење спортски риболов од членот 54 став 3 на овој закон.

Дозволените риболовни средства и нивната употреба за вршење стопански и рекреативен риболов од ставот 1 на овој член поблиску ќе ги пропише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Големината на рибите под која не смеат да се ловат за стопански риболов и рекреативен риболов поблиску ќе ја пропише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 93

## (Забрани)

Во риболовните води е забрането:
- стопанисување со рибите за кои нема изработено риболовна основа,
- стопанисување, доколку не е добиено одобрение на годишниот план,
- стопанисување, спротивно на риболовна основа и годишниот план,
- ловење риби за време на мрестењето на рибите или за време на ловостој утврден во риболовната основа,
- ловење риби во риболовни води кои се времено или трајно забранети за риболов,
- ловење риби под одредена големина и над дозволена количина утврдена во риболовната основа,
- ловење риби со разни видови мрежи без дозвола за стопански риболов, или со други риболовни средства забранети за вршење риболов, како и со огнено оружје, експлозиви или хемиски и други средства со кои се повредуваат, убиваат, трујат или зашеметуваат рибите,
- електрориболов,

- ловење на риби со насилно закачување на рибата со риболовен прибор,
- ловење риби со ости, подводни пушки, непосредно со раце, трокуки, како и со мрежичка на трска, а за рекреативен риболов,
- загадување на риболовната вода со штетни и опасни материи кои можат да го изменат или влошат постојниот квалитет на риболовната вода или дел од истата и на тој начин да се загрозат рибите и другите животински или растителни организми,
- ловење риби со преградување, исцрпување и пренасочување на риболовната вода;
- порибување со нови видови риби без претходна согласност на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- ловење риби во променет режим и квалитет на водите,
- ловење на ретки и проредни видови риби на одделни делови или на сите риболовни води,
- ловење риба над предвиденото количество со риболовната основа, и годишниот план,
- движење или задржување во непосредна близина на риболовните води со носење мрежа, експлозив или други забранети риболовни средства и
- движење или задржување на лица во непосредна близина на риболовните води со носење риболовен прибор, а не поседуваат дозвола за рекреативен риболов.

## Член 94

## (Мрежи за стопански риболов)

Мрежи наменети за риболов можат да поседуваат само концесионерите на риболовните подрачја, концесионерите во риболовните зони и одгледувачите на риби.

Набавка на мрежи можат да вршат само концесионерите.

По исклучок од ставот 2 на овој член набавка и продажба на мрежи можат да вршат правни лица за потребите на концесионерите од ставот 1 на овој член и за потребите на научни и образовни установи за вршење риболов од членот 58 на овој закон.

Набавка на мрежи од увоз се врши со одобрение за увоз на мрежи издадено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по претходно доставено барање согласно со членот 34 став 2 од Законот за трговија.

## Член 95

## (Ограничувања)

Заради заштита на рибите министерот за земјоделство шумарство и водостопанство на предлог на концесионерот и позитивното мислење на овластената институција од членот 74 на овој закон и/или Советот од членот 19 на овој закон може да:
- забрани риболов на одредена риболовна вода,
- забрани риболов на одреден вид риба,

- ограничи или забрани употреба на одредени риболовни средства за одделни видови риба и
- го промени или продолжи периодот за забрана за вршење риболов за време на природниот мрест на рибите на одделни риболовни води.

# VIII. НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА И ПРАВО НА ОТШТЕТА

## Член 96

## (Надоместок на штета при вршење риболов)

Концесионерите на рибите се должни на сопствениците и/или корисниците на земјиштето да им надоместат штета доколку е направена при вршење на риболовот.

## Член 97

## (Помор на риби)

Поморот на рибите од риболовните води може да биде последица од природна, еколошка или друга несреќа или кривично дело.

Концесионерот го известува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и овластената установа од членот 74 на овој закон по забележување на поморот.

Овластената установа излегува на терен и зема примероци од вода, седимент и угинати риби по стандардна методологија за вакви случаи.

При помор на рибите овластената установа од членот 74 на овој закон во соработка со концесионерот изработува скица на местото и записник за поморот. Во записникот треба да се наведат местото, времето, видовите и количините на угинати риби, притоа треба да се измери масата на угинатите риби и бројот на угинати риби за секој вид одделно.

Скицата и записникот во рок од три дена по поморот овластената установа мора да ги испрати до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Член 98

## (Надоместок)

Правно или физичко лице кое ќе стори штета на рибите е должно да ја надомести штетата на концесионерот.

Концесионерот е должен средствата од надоместокот на штетата да ги намени за порибување.

## Член 99

## (Штета)

Во однос на прашањата за надоместок на штета се применуваат одредбите на Законот за облигациони односи, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

## Член 100

## (Право на отштета)

За штета над рибите предизвикана од труење, загадување, односно прекумерно заматување на риболовните води, попречување на нивното нормално движење, како и за незаконско посегање по рибите право на отштета има концесионерот на рибите.

Концесионерот на рибите, исто така, има право на отштета за незаконски уловените риби која се пресметува по ценовникот за оштета (во натамошниот текст: отштетен ценовник)

Отштетниот ценовник го подготвува овластената установа од членот 74 на овој закон во соработка со Федерацијата од члента 80 на овој закон, Министерството за животна средина и просторно планирање и единицата на локалната самоуправа, а го пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 101

## (Определување на отштета)

Висината на отштетата од членот 100 ставови 1 и 2 на овој закон се определува врз начелото за поврат на трошоците и намалување на приходите кое вклучува најмалку:
- вредност на угинатите риби по отштетен ценовник,
- трошоци на концесионерот за земање на пробите, информирањето, доставувањето на мострите и извештаите,
- трошоци на овластената институција и вештите лица за земањето на пробите, извршените анализи и пресметката на отштетата,
- трошоци за воспоставување на првичната состојба,

- трошоци за порибување и
- трошоци за промена на годишниот план и риболовната основа.

# IX. ФИНАСИРАЊЕ ВО РИБАРСТВОТО

## Член 102

## (Финасирање во рибарството)

За спроведување на мерките од програма од членот 14 и годишната програма од членот 15 на овој закон се обезбедуваат средства од:
- Буџетот на Република Македонија,
- фондовите на Европската унија,
- донации и
- корисникот на хидроелектраните.

Финансиските средства обезбедени согласно со ставот 1 алинеја 1 на овој член претставуваат државна помош во рибарството и аквакултурата и нивната висина ја утврдува Владата на Република Македонија, во рамките на планираните средства во годишната програма од членот 15 на овој закон.

## Член 102-а

## (Државна помош)

Државната помош во рибарството и аквакултурата е наменета за остварување на целите од членот 3 на овој закон преку обезбедување финансиска помош за:
- инвестиции во аквакутурата,
- инвестиции во преработка и маркетинг на риби и производи од риби,
- еколошки мерки во аквакултурата,
- јавно здравство и здравствена заштита во рибарството и аквакултурата,
- заштита и развој на водна флора и фауна,
- изградба на риболовни пунктови,
- развој на нови пазари и промотивни кампањи,
- пилот проекти,
- колективни мерки и
- техничка поддршка во рибарството.

Државната помош од ставот 1 алинеја 4 на овој член се доделува согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води евиденција на доделената државна помош од ставот 1 на овој член.

Сите државни органи и единици на локалната самоуправа се должни по службена должност да го известат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за доделената државна помош на субјектите.

## Член 102-б

## (Инвестиции во аквакултурата)

Државната помош за инвестиции во аквакултурата е наменета за изградба на нови и проширување, реконструкција и модернизација на постојните капацитети за аквакултура во функција на остварување на една или повеќе од следниве цели:
- зголемување на квалитетот на производството,
- диверзификација кон нови производни видови или видови со пазарен потенцијал,
- примена на производни методи кои ги намалуваат негативните ефекти и придонесуваат за заштита на животната средина,
- набавка на опрема наменета за заштита на производството во аквакултурата од штетници и
- подобрување на работните и безбедносните услови на вработените.

Корисници на помошта од ставот 1 на овој член се субјекти регистрирани за дејност аквакултура.

Висината на помошта е во износ од 50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестициите, а согласно со критериумите и начинот на користење утврдени во годишната програма од членот 15 на овој закон.

## Член 102-в

## (Инвестиции во преработка и маркетинг на риби и производи од риби)

Државната помош за инвестиции во преработка и маркетинг на риби и производи од риби е наменета за изградба на нови и проширување, реконструкција и модернизација на постојните капацитети за преработка и маркетинг во функција на остварување на една или повеќе од следниве цели:
- подобрување на работните услови,
- подобрување и следење на јавното здравје, хигиенските услови или квалитетот на производите,
- производство на квалитетни производи за нови пазари,
- намалување на негативното влијание кон животната средина,
- подобрување на искористување на помалку познати видови, споредни производи и отпад и
- производство и/или маркетинг на нови производи, примена на нови технологии или развој на иновативни методи за производство.

Корисници на помошта од ставот 1 на овој член се микро, мали и средни претпријатија.

Висината на помошта е во износ од 50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестициите, а согласно критериумите и начинот на користење утврдени во годишната програма од членот 15 на овој закон.

## Член 102-г

## (Помош за еколошки мерки во аквакултура)

Државната помош за еколошките мерки во аквакултурата е наменета за надоместок на зголемените трошоци за примена на методи на производство кои придонесуваат за заштита на животната средина, а се во функција на:
- заштита и зачувување на животната средина, природните ресурси, генетскиот потенцијал и зачувување на пределот и традиционалните карактеристики на зоните за аквакултура и
- органско производство во аквакултурата.

Корисници на помошта од ставот 1 на овој член се вршители на аквакултура запишани во регистарот на одгледувачи на риби.

Висината на надоместокот за реализација на мерките од ставот 1 алинеја 1 на овој член изнесува 100% од дополнителните трошоци за примена на методите со кои се надминуваат утврдените стандарди согласно со закон и се исплаќа за временски период од три години.

Критериумите и начинот на користење на надоместокот се утврдуваат во годишната програма од членот 15 на овој закон.

Корисниците на надоместокот од ставот 1 алинеја 1 на овој член, се обврзани да ги спроведуваат еколошките мерки во период од најмалку три години по годината на исплата на последниот надоместок.

Висината на надоместокот за реализација на мерките од ставот 1 алинеја 2 на овој член се доделува согласно со прописите од областа на органското земјоделско производство.

## Член 102-д

## (Помош за заштита и развој на водната флора и фауна)

Државната помош за заштита и развој на водната флора и фауна е наменета за финансирање на мерки од јавен интерес од членот 5 алинеи 2 и 3 на овој закон кои се однесуваат на:
- физичка заштита на риболовните води,
- изградба или инсталација на статични или подвижни објекти наменети за заштита и развој на водната флора и фауна,

- рехабилитација на риболовни води, вклучително и мрестилишта и миграциони патишта за миграторните видови и
- зголемување на густината на рибите во риболовните води преку обезбедување на порибителен материјал и порибување на риболовните води.

Мерките од ставот 1 на овој член се реализираат преку овластени установи од областа на рибарството, рибарски и риболовни здруженија и организации на производители, регистрирани репроцентри, единиците на локалната самоуправа и други согласно со одредбите од Законот за рибарство и аквакултура.

Висината на помошта од ставот 1 на овој член е во висина од 100% од прифатливите трошоци за реализација на мерките.

Критериумите и начинот на користење на надоместокот се утврдуваат во годишната програма од членот 15 на овој закон.

## Член 102-ѓ

## (Помош за изградба на риболовни пунктови)

Државната помош за изградба на риболовни пунктови е мерка од јавен интерес од членот 5 алинеја 1 на овој закон е наменета за изградба на нови или реконструкција на постојни риболовни пунктови.

Помошта од ставот 1 на овој член за изградба на пунктови е наменета за инвестиции кои се однесуваат на:
- изработка или промена на урбанистички проект за определување на локација за изградба на риболовен пункт,
- изработка на проект за изградба на риболовен пункт,
- набавка на материјали за изградба и
- изведување на изградба на риболовен пункт.

Помошта од ставот 1 на овој член е наменета за инвестиции кои се наменети и се однесуваат за реконструкција на постојните риболовни пунктови:
- подобрување на условите за истовар, манипулација, складирање и продажба на рибите од риболовниот пункт,
- обезбедување на довод на вода и електрична енергија,
- набавка на опрема за поправки и одржување на опремата во пунктот и риболовна опрема,
- опремување со компјутери за водење на евиденции,
- подобрување на работните и сигурносните услови и
- складирање и третман на отпадот.

Корисници на помошта од ставот 1 на овој член е единицата на локалната самоуправа.

Висината на помошта од ставот 1 на овој член е во висина од 100% од прифатливите трошоци за реализација на мерките.

Критериумите и начинот на користење на помошта се утврдуваат во годишната програма од членот 15 на овој закон.

## Член 102-е

## (Помош за развој на нови пазари и промотивни кампањи)

Државната помош за развој на нови пазари и промотивни кампањи во рибарството и аквакултурата е наменета за финансирање на мерки од јавен интерес кои се однесуваат на: - спроведување на регионални, национални или меѓудржавни промотивни кампањи за производи од рибарство и аквакултура,
- спроведување на политика за квалитет за производи од рибарство и аквакултура,
- промоција на производи добиени по методи на производство кои имаат мало влијание кон животната средина,
- промоција на производи од рибарство и аквакултура со заштитено географско потекло или традиционална посебност,
- цертификување на квалитет, вклучително и креирање на етикета и цертификување на производи уловени или произведени со еколошки методи на производство,
- кампањи за подобрување на имиџот на производите од рибарство и аквакултура и имиџот на секторот рибарство и
- спроведување на анализи и истражувања на пазарот.

Корисници на помошта од ставот 1 на овој член се рибарски и риболовни здруженија и организации на производители, овластени установи од областа на рибарството и други научни и/или образовни установи и концесионерите на рибите и вршителите на аквакултура.

Висината на помошта од ставот 1 на овој член е во висина од 100% од прифатливите трошоци за реализација на мерките.

Критериумите и начинот на користење на надоместокот се утврдуваат во годишната програма од членот 15 на овој закон.

## Член 102-ж

## (Помош за пилот проекти)

Државната помош за пилот проекти е наменета за добивање и дисеминација/промоција на технолошки новитети и сознанија.

Пилот проектите од ставот 1 на овој член се апликативни и се наменети за испитување на:
- техничката и економска одржливост на иновативната технологија за целите на добивање и проширување на знаењето за тестираната технологија и
- алтернативни техники за управување со риби.

Корисници на помошта од ставот 1 на овој член се овластени институции од областа на рибарството, научни и/или образовни установи од областа на рибарството, рибарски и риболовни здруженија, организации на производителите концесионери на рибите и вршителите на аквакултура.

Доколку пилот проектите од ставот 1 на овој член ги реализираат рибарски и риболовни здруженија и организации на производители, концесионерите на рибите и вршителите на аквакултура, задолжително содржат соодветна научна верификација за целите на остварување на значителни резултати.

Резултатите од пилот проектите финансирани од помошта од ставот 1 на овој член задолжително се публикуваат во технички извештаи достапни за јавноста.

Помошта од ставот 1 на овој член е во висина од 100% од трошоците за реализација на мерките.

Критериумите и начинот на користење на надоместокот се утврдуваат во годишната програма од членот 15 на овој закон.

## Член 102-з

## (Помош за колективни мерки)

Државната помош за колективни мерки во рибарството и аквакултурата е наменета за финансирање на мерки од јавен интерес кои се однесуваат на:
- подобро управување и зачувување на природните ресурси,
- отстранување на мрежи и останат рибарски алат од дното на риболовните води,
- подобрување на работни услови и безбедност,
- развој, реструктуирање и подобрување на аквакултурно производство во зоните предвидени за аквакултура,
- унапредување на професионални вештини и развој на нови методи и начини на обука и
- промоција на соработка меѓу науката и концесионерите и производителите на риби.

Корисници на помошта од ставот 1 на овој член се рибарски и риболовни здруженија, организации на производители и концесионерите на риби и вршители на аквакултура за остварување на заеднички интерес.

Помошта од ставот 1 на овој член е во висина од 100% од трошоците за реализација на мерките.

Критериумите и начинот на користење на надоместокот се утврдуваат во годишната програма од членот 15 на овој закон.

## Член 102-и

## (Помош за техничка поддршка во рибарството)

Државната помош за техничка поддршка во рибарството и аквакултурата е наменета за финансирање на мерки од јавен интерес кои се однесуваат на подготвителни, административни и технички активности и активности за следење, процена и ревизија, неопходни за спроведување на овој закон.

Мерките на техничка поддршка од ставот 1 на овој член се однесуваат на:
- подготовка на риболовните основи и плановите за управување со рибите, за целите на процена на финасиските импликации и влијанието врз животната средина,
- процени, стручни извештаи, статистики и студии во врска со реализацијата на годишната програма од членот 15 на овој закон,
- информативни мерки насочени кон корисниците на годишната програма од членот 15 на овој закон и општата јавност,
- мерки за размена на информации, зголемување на соработката и подигнување на свеста во државата и
- воспоставување, поврзување и работа на инфоматички системи за управување, следење, инспекција и процена.

Висината на помошта од ставот 1 на овој член на годишно ниво нема да надминува 5% од вкупниот износ на годишната програма од членот 15 на овој закон.

Помошта од ставот 1 на овој член е во висина од 100% од трошоците за реализација на мерките.

Критериумите и начинот на користење на надоместокот се утврдуваат во годишната програма од членот 15 на овој закон.

## X. РИБОЛОВ НА МЕЃУДРЖАВНИТЕ ВОДИ

### Член 103

Користењето на рибите и нивната заштита во меѓудржавните води се врши во согласност со обврските на Република Македонија што произлегуваат од меѓудржавните договори со соседните земји.

## XI. ПОРИБУВАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО НА ПОРИБИТЕЛЕН МАТЕРИЈАЛ

### Член 104

### (Порибување)

Порибувањето на риболовните води се врши со порибителен материјал проследен со соодветен документ како доказ за потеклото на рибата и соодветен документ за здравствена исправност согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство.

Порибувањето на риболовните подрачја и зони го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку регистрираните репроцентри од членот 105 на овој закон во присуство на надлежниот орган за инспекциски надзор и претставник на Министеротството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а порибувањето на риболовните ревири и рекреативните зони го врши концесионерот во присуство на надлежниот орган

за инспекциски надзор, претставник на Министеротството за земјоделство, шумарство и водостопанство и овластената установа од членот 74 на овој закон и за истото се изготвува записник.

Формата и содржината на документот за потеклото на порибителниот материјал и начинот на неговото издавање и пополнување ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 105

## (Репроцентар)

Репроцентар за риби е вештачко мрестилиште кое е запишано во регистарот на репроцентри за производство на репродуктивен и порибителен материјал и кое изведува вештачки мрест и порибува риболовни води со определени автохтони видови риби.

Регистарот од ставот 1 на овој член го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Барање за запишување во регистерот од ставот 1 на овој член поднесува правно лице регистрирано за вршење на дејноста од ставот 1 на овој член и кое ги исполнува следниве услови да има:
- вработено најмалку едно лице со високо образование од областа на природните науки (рибарство) и
- мрестилиште со објекти за чување на матици, објекти и опрема за инкубирање на оплодената икра, објекти за чување на личинките и подмладокот и соодветна опрема за изведување на мрест.

Репроцентарот може да формира матично јато од определени автохтони видови риби за производство на порибителен материјал. Порибителниот материјал од матичните јата на автохтоните видови риби може да се употреби и за насадување на рибници кои се запишани во Регистарот на одгледувачи на риба по претходно добиено одобрение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по доставеното барање и спроведената постапка, издава решение за регистрација на репроцентар.

Доколку правното лице од ставот 3 на овој член ќе престане да исполнува некој од условите од ставот 3 на овој член министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за бришење од регистерот од ставот 1 на овој член.

Против решението од ставот 5 на овој член дозволена е жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. [8]

Формата, содржината и начинот на водење на регистерот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 106

## (Дозвола за производство на порибителен материјал од рибник)

Дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет му се издава на домашно или странско правно лице кое е регистрирано согласно со членот 61 став 1 на овој закон по претходно доставено барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За добивање дозвола од ставот 1 на овој член правните лица треба да ги исполнуваат следниве услови да има:
- вработено најмалку едно лице со високо образование од областа на природните науки (рибарство) или да има склучено договор за соработка со научна или образовна установа од областа на рибарството и
- има објекти за чување на матици, објекти и опрема за инкубирање на оплодената икра, објекти за чување на личинките и подмладокот и соодветна опрема за изведување на мрест.

Барањето за издавање дозвола за производство на порибителен материјал покрај основните податоци за рибникот треба да содржи и докази за исполнување на условите од ставот 2 на овој член и записник за констатирана состојба по однос на видовите риби, објектите и опремата изготвен од Државниот инспекторат за земјоделство.

Минстерството води евиденција за издадените дозволи од ставот 1 на овој член.

Во случај кога правното лице од ставот 1 на овој член престане да исполнува некој од условите од ставот 2 на овој член, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за одземање на дозволата за производство на порибителен материјал.

Против решението од ставот 5 на овој член е дозволена жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. 9

Порибителниот материјал од ставот 1 на овој член треба да е проследен со образец за потеклото на порибителниот материјал од членот 104 став 3 на овој закон и соодветен документ за здравствена исправност согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство.

Формата и содржината на образецот за водење евиденција, како и начинот на водење на евиденцијата од ставот 4 на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

# XII. НАДЗОР

## Член 107

## (Надзор)

Надзор над спроведување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Инспекциски надзор над спроведување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот инспекторат за земјоделство преку државни инспектори за земјоделство.

Државниот инспекторат за земјоделство до Владата на Република Македонија на секои шест месеци доставува Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за концесија.

Надзор над спроведување на здравствената заштита на рибите врши Агенција за храна и ветеринарство.

## Член 108

## (Инспекциски надзор)

При вршењето на надзорот Државниот инспекторат за земјоделство ги врши следниве работи:
- преглед на вршењето риболов (ловењето риба),
- преглед на риболовните средства со кои се врши риболовот,
- преглед на легитимации за стопански и рекреативен риболов, дозволи за стопански и рекреативен риболовните документи од овој закон и дозволи,
- преглед на пунктовите, одгледувалиштата на риба и репроцентри, објектите во функција на риболовот и деловните простории на концесионерите,
- преглед на водењето евиденции,
- надзор над спроведување на годишните програми,
- преглед на уловот на рибите во риболовните пунктови,
- надзор на потеклото на рибата во угостителски објекти, продавници, рибарници, маркети во кои се продава риба и зелени пазари,
- надзор над порибувањето,
- привремено одземање на легитимациите за стопански риболов, легитимациите и дозволите за рекреативен риболов и риболовните средства, алат и прибор,
- забрани времено риболов доколку концесионерите не постапуваат согласно со договорите и годишната програма,
- привремено одземање на уловот и одземање на рибите и порибителниот материјал пуштени во промет без соодветни придружни документи и
- надзор над работењето на овластените институции и организации.

## Член 108-а

## (Постапка за едукација)

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор надлежниот инспектор при Државниот инспекторат за земј оделство утврди дека е сторена по прв пат неправилност од членовите 111-б и 113-б на овој закон е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за

отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за земјоделство, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку надлежниот инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку надлежниот инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Државниот инспекторат за земјоделство води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 108-б

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државниот инспекторат за земјоделство за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Министерството на унифициран квартален преглед.

## Член 109

Непосредните учесници во риболовот се должни по барање на надлежните инспекциски органи и други овластени лица да покажат легитимација за лична идентификација, како и легитимации и дозволи издадени согласно со овој закон, уловот и риболовните средства и опрема.

# XIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

## Член 110

## (Глоба)

Глоба во износ од 5000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице односно трговец поединец, ако:

1) врши стопански риболов надвор од објектот Далјан - Струга (член 24 став 2);
2) врши стопански риболов спротивно на риболовната основа, одобрениот годишен план и склучениот договор за концесија (член 25 став 2);
3) не плаќа надоместок за стопански риболов и рекреативен риболов (членови 25 став 3 и 46 став 1);
4) не ги спроведува мерките предвидени со риболовната основа и годишниот план (членови 31 став 1 и 47 став1);
5) пловните објекти не се регистрирани и видливо обележани и рибарскиот алат не е пломбиран и евидентиран (член 38 став 1);
6) издава легитимации со повисок надоместок од предвидениот (член 49 став 3);
7) врши стопански риболов на води од подрачјата на националните паркови (член 59 став 2);
8) врши аквакултура, а не е запишан во регистарот на одгледувачи на риба (член 61);
9) лови риба и врши други активности во обележаниот појас околу кафезот (член 68 став 1);
10) врши промет на риба од недозволени места (член 70 став 1);
11) врши промет на риба без соодветен документ како доказ за потеклото на рибата (член 70 став 2);
12) не користи пункт за организирање на стопански риболов на риболовните подрачја и риболовните зони (член 72 став 1);
13) не издава придружни документи (член 73 став1);
14) врши транспорт на риба без соодветна документација (член 73 став 2);
15) врши риболов на риболовни води забранети за вршење риболов (член 85 став 1);
16) внесува нови видови риби и/или порибителен материјал од нови видови риби без одобрение (член 88 став 1);
17) внесува нови видови риби и/или порибителен материјал од алохтони видови риби во водите и природниот слив на риболовното подрачје на Дојранското, Охридското и Преспанското Езеро и во водите на териториите кои припаѓаат на Националните паркови (член 88 став 3);
18) врши аквакултура на нови видови риби и риби кои не се утврдени во риболовната основа без претходно добиено позитивно мислење (член 88 став 4);
19) става во промет нови видови риби и/или порибителен материјал во жива состојба наменет за порибување на риболовни води без одобрение (член 89);
20) врши риболов во природни плодишта (член 91 став 2);
21) стопанисува со рибите за кои нема изработено риболовна основа, стопанисува без одобрение на годишниот план, лови риби за време на мрестењето на рибите или за време на ловостој, лови риби во риболовни води кои се времено или трајно забранети за риболов, лови риби под одредена големина и над дозволената количина, ја загадува риболовната вода со штетни и опасни материи кои можат да го изменат или влошат постојниот квалитет на риболовната вода или дел од истата и на тој начин да се загрозат рибите и другите животински или растителни организми, лови риби со преградување, исцрпување или пренасочување на риболовната вода, лови риби во променет режим и квалитет на водите, лови ретки и проредни видови риби на одделни делови или на сите риболовни води и се движи или се задржува во непосредна близина на риболовните води со носење мрежа, експлозив или други забранети риболовни средства (член 93);
22) поседува, набавува и врши продажба на мрежи спротивно на членот 94 ставови 1, 2 и 3 од овој закон;

23) врши риболов спротивно на ограничувањата (член 95) и
24) врши промет на порибителен материјал без поседување дозвола (член 106 став 1).

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице односно трговец поединец за прекршоците од став 1 на овој член.

На правното лице односно трговец поединец покрај глобата од ставот 1 на овој член ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до три години.

На одговорното лице во правното лице односно трговец поединец покрај глобата од став 2 на овој член ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија или должност во траење од три до 30 дена.

Забраната од ставот 4 на овој член може да се замени со паричен надоместок само доколку прекршокот е сторен за првпат.

Висината на паричниот надоместок од став 5 на овој член изнесува двоен износ од износот на одмерената глоба пропишана во овој член.

Паричниот надоместок од став 6 на овој член сторителот е должен да го плати во рок од три дена од од денот кога му е определен со акт на надлежниот орган". 10

Ако сторителот не го плати паричниот надоместок во рок од три дена, забраната од став 4 на овој член ќе се реализира.

## Член 111

Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице односно трговец поединец, ако:
1) во определениот рок не поднесе годишен план за стопанисување со рибите и годишен извештај за реализација на годишниот план (членови 17 став 4 и 18 став 1);
2) врши стопански риболов спротивно на членот 36 став 1 од овој закон;
3) не ја врати легитимацијата до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во предвидениот рок (член 36 став 6);
4) го наменува приходот спротивно на членот 49 став 4 од овој закон;
5) издава дозволи за рекреативен риболов на лице кое не поседува легитимација за рекреативен риболов (член 50 став 3);
6) издава дозволи за рекреативен риболов на риболовни води за кои нема концесија (член 52 став 4);
7) не води и не доставува евиденција за бројот на издадени дозволи и евиденција за уловената риба (член 52 став 5);
8) врши мелиоративен и селективен риболов без одобрение (член 57 став 1);
9) не плати надоместок во висина од 20% од уловената риба (член 57 став 5);
10) врши риболов за научноистражувачки цели без одобрение (член 58 став 1);
11) не поднесе извештај за извршениот риболов (член 58 став 6);
12) одгледува риби кои не се впишани во изводот и дозволата (членови 62 став 4 и 67);
13) изводот и дозволата за аквакултура не ги истакне на видно место (член 66 став 1);

14) не го обележи појасот околу кафезот (член 68 став 2);
15) става риба во промет која не исполнува услови по однос на квалитет, големина и тежина (член 70 став 3);
16) нема издадено легитимација за рибочувар (член 86 став 3);
17) не ја врати легитимацијата за рибочувар во предвидениот рок (член 86 став 8);
18) внесува одобрени нови видови риби без соодветен документ (член 88 став 2);
19) врши стопански риболов со риболовни средства во поголем број од дозволените во риболовната основа (член 92 став 2);
20) врши порибување без соодветен документ и без присуство на надлежни органи (член 104 ставови 1 и 2);
21) формира матично јато без одобрение (член 105 став 4) и
22) не издава документ како доказ за потекло на порибителен материјал (член 106 став 7).

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице односно трговец поединец за прекршоците од став 1 на овој член

## Член 111-а

Глоба во износ до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице односно трговец поединец со поднесување на мандатен платен налог за прекршок ако:
1) во определениот рок не поднесе годишен план за стопанисување со рибите и годишен извештај за реализација на годишниот план (членови 17 став 4 и 18 став 1);
2) не ги спроведува мерките предвидени со риболовната основа и годишниот план (членови 31 став 1 и 47 став 1);
3) го наменува приходот спротивно на членот 49 став 4 од овој закон;
4) издава дозвола за рекреативен риболов на лице кое не поседува легитимација (член 50 став 4);
5) не води и не доставува евиденција за бројот на издадени дозволи и евиденција за уловената риба (член 52 став 5);
6) не пријави промена во предвидениот рок (член 62 став 4);
7) става риба во промет која не исполнува услови по однос на квалитетот, големината и тежината (член 70 став 3);
8) не користи пункт за организирање на стопански риболов на риболовните подрачја и риболовните зони (член 72 став 1);
9) става во промет нови видови риби и/или порибителен материјал во жива состојба без одобрение (член 89) и
10) врши стопански риболов со риболовни средства во поголем број од дозволените во риболовната основа (член 92 став 2).

Кога државниот инспектор за земјоделство ќе утврди дека е сторен прекршок од став 1 на овој член на сторителот на прекршокот ќе му врачи мандатен платен налог во кој се наведуваат битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот назив, седиште и даночен број, местото и времето за сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметка за плаќање и правна поука, со рок од осум дена од денот на врачувањето на мандатниот платен налог да ја плати глобата во определениот износ.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од ставот 1 на овој член мандатниот налог има сила на извршна исправа и службеното лице ќе го достави до органот надлежен за присилно извршување за негово извршување.

Сторителот кој со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со мандатниот платен налог.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице односно трговец поединец за прекршоците од став 1 на овој член.

Формата и содржината на мандатниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 111-б

Глоба во износ од 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице односно трговец поединец, ако:
1) не плаќа надоместок во предвидениот рок утврден во договорот за концесија (член 31 став 1);
2) не води евиденција и не доставува податоци во предвидениот рок (член 33 ставови 1 и 3);
3) не определи и видливо обележи места на кои ќе се издаваат дозволите (член 52 став 6);
4) издава дозволи за рекреативен риболов надвор од обележаните места (член 52 став 7);
5) организира натпревари во спортски риболов на патеки кои не се определени од концесионериот и спротивно на правилата (член 54 ставови 2 и 3);
6) издава дозволи на лица под 15 години (член 55 став 1);
7) не поднесе извештај за извршениот риболов во рокот утврден во одобрението (член 57 став 4);
8) не води и доставува евиденција во предвидениот рок (член 66 став 2);
9) го обележи појасот околу кафезот спротивно од предвиденото (член 68 ставови 2 и 3);
10) не врши заштита на рибите (член 86 став 2) и
11) не ги извршува работите и не доставува извештај за извршувањето на работите во предвидениот рок (член 82 став 2).

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице односно трговец поединец за прекршоците од став 1 на овој член.

## Член 112

Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:
1) врши стопански риболов, а не поседува легитимација за стопански риболов (член 36 став 1);
2) врши стопански риболов спротивно на членот 37 од овој закон;
3) врши рекреативен и спортски риболов заради стекнување на приходи (член 48);
4) врши аквакултура, а не е запишан во регистарот на одгледувачи на риба (член 61);
5) лови риба и врши други активности во обележаниот појас околу кафезот (член 68 став 1);
6) лови риба без одобрение на сопственикот (член 69);
7) врши промет на риба од недозволени места (член 70 став 1);
8) врши промет на риба без соодветен документ како доказ за потекло на рибата (член 70 став 2)
9) не издава придружни документи (член 73 став1);

10) врши транспорт на риба без соодветна документација (член 73 став 2);
11) врши риболов на риболовни води забранети за вршење риболов (член 85 став 1);
12) внесува нови видови риби и/или порибителен материјал од нови видови риби без одобрение (член 88 став 1);
13) внесува нови видови риби и/или порибителен материјал од алохтони видови риби во водите и природниот слив на риболовното подрачје на Дојранското, Охридското и Преспанското Езеро и во водите на териториите кои припаѓаат на Националните паркови (член 88 став 3);
14) врши аквакултура на нови видови риби и риби кои не се утврдени во риболовната основа без претходно добиено позитивно мислење (член 88 став 4);
15) става во промет нови видови риби и/или порибителен материјал во жива состојба наменет за порибување на риболовни води без одобрение (член 89);
16) врши риболов во природни плодишта (член 91 став 2);
17) стопанисува со рибите за кои нема изработено риболовна основа, стопанисува без одобрение на годишниот план, лови риби за време на мрестењето на рибите или за време на ловостој, лови риби во риболовни води кои се времено или трајно забранети за риболов, лови риби под одредена големина и над дозволена количина, ја загадува на риболовната вода со штетни и опасни материи кои можат да го изменат или влошат постојниот квалитет на риболовната вода или дел од истата и на тој начин да се загрозат рибите и другите животински или растителни организми, лови риби со преградување, исцрпување или пренасочување на риболовната вода, лови риби во променет режим и квалитет на водите, лови ретки и проредни видови риби на одделни делови или на сите риболовни води и се движи или задржува во непосредна близина на риболовните води со носење мрежа, експлозив или други забранети риболовни средства (член 93);
18) поседува, набавува и врши продажба на мрежи спротивно на членот 94 ставови 1, 2 и 3 од овој закон;
19) врши риболов спротивно на ограничувањата од членот 95 на овој закон;
20) одбие да се легитимира и да покаже дозвола пред овластените органи (членови 87 став 1 и 109) и
21) врши промет на порибителен материјал без поседување дозвола (член 106 став 1).

## Член 112-а

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лицето од членот 36-в став 1 кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.“

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-в од овој закон, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно со членот 36-ж став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 36-ж став 5 од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите 2, 3 и 4 од членот 36-з од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 36-ж став 5 од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 36-з став 9 од овој закон.

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на ставовите 2, 3 и 4 од членот 36-з од овој закон.

Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-в од овој закон, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот согласно со членот 36-ж став 7 од овој закон.

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 36-в од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 36-3 ставови 5 и 6 од овој закон.

Глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата од членот 36-п став 3 од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 113

Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:
1) не ја врати легитимацијата по престанување на работниот однос (член 36 став 6);
2) врши рекреативен риболов надвор од риболовните ревири и определени рекреативни зони (член 40 став 1);
3) врши рекреативен риболов без легитимација и дозвола (членови 49 став 1 и 50 став 1);
4) врши рекреативен риболов, а не носи легитимација и дозвола за рекреативен риболов (член 50 став 5);
5) не води евиденција за уловената риба и не ја доставува до концесионерот (член 50 став 5);
6) врши рекреативен и спортски риболов вон определените рекреативни зони на водите од подрачјата на националните паркови (член 59 став 3);
7) одгледува риби кои не се впишани во изводот и дозволата (членови 62 став 4 и 67);
8) изводот и дозволата за аквакултура не ги истакне на видно место (член 66 став 1);
9) не води и доставува евиденција (член 66 став 2);
10) не го обележи појасот околу кафезот (член 68 став 2);
11) става риба во промет која не исполнува услови по квалитет, големина и тежина (член 70 став 3);
12) се движи или се задржува во непосредна близина на риболовните води со рибарски прибор, а не поседува дозвола за рекреативен риболов (член 93) и
13) не издава соодветен документ како доказ за потекло (член 106 став 7).

## Член 113-а

Глоба во износ од 100 евра во денарска противредност ќе му се изрече на сторителот физичко лице со поднесување на мандатен платен налог за прекршок ако:
1) врши рекреативен риболов, а не носи легитимација и дозвола за рекреативен риболов (член 50 став 5);
2) не води евиденција за уловената риба и не ја доставува до концесионерот (член 50 став 5);

3) изводот и дозволата за аквакултура не ги истакне на видно место и не води евиденција (член 66 ставови 1 и 2) и
4) се движи или се задржува во непосредна близина на риболовните води со рибарски прибор, а не поседува дозвола за рекреативен риболов (член 93).

Кога државниот инспектор за земјоделство ќе утврди дека е сторен прекршок од став 1 на овој член на сторителот на прекршокот ќе му врачи мандатен платен налог во кој се наведуваат битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патна исправа и држава, местото и времето за сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметка за плаќање и правна поука, со рок од осум дена од денот на врачувањето на мандатниот платен налог да ја плати глобата во определениот износ.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од ставот 1 на овој член мандатниот налог има сила на извршна исправа и службеното лице ќе го достави до органот надлежен за присилно извршување за негово извршување.

Сторителот кој со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со мандатниот платен налог.

## Член 113-б

Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:
1) не носи легитимација за стопански риболов (член 36 став 4) ;
2) не пријави промена во предвидениот рок (член 62 став 4);
3) не ја доставува евиденцијата во предвидерниот рок (член 66 став 3);
4) го обележи појасот околу кафезот спротивно од предвиденото (член 68 ставови 2 и 3);
5) не ја врати легитимацијата за рибочувар во предвидениот рок (член 86 став 8) и
6) врши рекреативен риболов со риболовни средства во поголем број од дозволените во риболовната основа (член 92 став 2).

## Член 114

## (Одземање на улов, риболовни средства и опрема)

За сторените прекршоци од членовите 110, 111, 112 и 113 на овој закон покрај глобата, ќе се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на уловот, рибата и порибителниот материјал пуштени во промет, како и материјалната корист остварена со незаконски риболов, риболовните средства и опремата со кои е сторен прекршокот.

## Член 115

### (Прекршочна постапка и постапка за порамнување)

Прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон ќе се води пред надлежен суд.

Пред поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со членовите 110, 111, 112 и 113 на овој закон и по спроведување на постапката за едукација од членот 108-а за сторените неправилности од членовите 111-б и 113-б на овој закон, државниот инспектор за земјоделство на сторителот на прекршокот ќе му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоци.

Државниот инспектор за земјоделство е должен да води евиденција за издадените мандатни платни налози од членовите од 111-а и 113-а од овој закон, за издадените прекршочни платни налози од став 2 на овој член, како и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 3 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот и мандатниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 4 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

### Член 115-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 116

Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на прописите предвидени со овој член ќе се применуваат прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 117

Склучените договори за користење на рибниот фонд од риболовните води врз основа на Законот за рибарство ("Службен весник на Република Македонија" број 62/93) продолжуваат да важат до истекот на рокот на нивното важење.

## Член 118

Субјектите кои се занимаваат со аквакултура се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогластат своето работење со одредбите на овој закон.

## Член 119

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за рибарство ("Службен весник на Република Македонија" број 62/93).

## Член 120

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2010):

**Член 70**

Легитимациите и дозволите издадени согласно со одредбите од членовите 49 и 52 на Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" број 7/2008) ќе важат до 31 декември 2010 година.

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/2011):

**Член 18**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2011):

**Член 3**

Одредбите од членот 2 на овој закон со кој се менуваат членовите 65 став (3), 75 став (2), 105 став (5) и 106 став (6) ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2011):
**Член 4**
Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2012):
**Член 17**
На постапките за доделување на концесија на рибите, како и на договорите склучени до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 67/10, 47/11 и 53/11).

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 164/2013):
**Член 5**
Електронскиот систем од членот 36-л од овој закон се воспоставува во рок од една година од денот на започнувањето на примената на овој закон.
**Член 6**
Поблиските прописи од овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето на сила на овој закон.
**Член 7**
Започнатите постапки за полагање на испит за добивање на уверение за вршење на стопански риболов и испитот за рибочувар до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 164/2013):
**Член 8**
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2014):
**Член 4**
Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2014):
**Член 5**
Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членот 2 од овој закон кои ќе започнат да се применува по шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 154/2015):
**Член 29**
Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
**Член 30**

Започнатите постапки за доделување на концесија на рибите, до денот на влегување во сила на овој закон ќе завршат согласно одредбите на Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14).

Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 154/2015):

**Член 31**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".